СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ПЕДЕСЕТ И ТРЕТАТА (53) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 12.IX. 1996 Г.**

Дискутанти:

Дневен ред.стр.1 до 211
Амандманска расправа во Пред. законот за терит.поделба на РМ и опред.на подр. на един.на локал. самоуправа.
211-донесен закон


1. АБДИ ФАИК - 145, 150
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 123, 125, 127
3. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ – 118
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 51, 59, 61, 62, 65, 70, 71, 150, 171 ,173, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 200, 201, 2О03
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 153
6. БЕЛЧЕВ ЉУПЧО - 86, 88
7. БАЈРАМ АБДИ - 149.
8. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 33, 37, 40, 43, 71, 73
9. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 205
10. ГОШЕВ ТУШЕ - 100
11. ГЕОРГИЕВ ДРАГАН - 104 106
12. ДАВИТКОВСКИ ВЛАДО - 155, 156, 157
13. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 208, 209, 210
14. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО -17, 20, 167, 169, 198
15. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 142
16. КОТЕВСКИ СЛАВКО -168
17. КАРОВ ЗВОНКО - 181, 182
18. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 43, 45, 56, 57
19. МУСОВСКИ ФЕРИД - 201
20. МАРКОВСКИ РИСТО - 81, 95, 188.
21. МИНОВ ПАНЧО - 110,111.
22. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 14, 16, 18, 21, 198
23. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 205
24. ПЕТКОВСКИ ТИТО -1..(води сед.)
25. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 10, 11, 12, 13, 16, 17, 17, 21, 24, 29, 30, 31, 33, 38, 47, 51, 52, 53. 57, 58, 61, 64, 66, 67, 68, 69, 72, 75, 80, 86, 93, 94, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 105, 107, 108, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 119, 122, 123, 124, 125, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 139, 140, 143, 144, 145, 154, 155, 156, 158, 159, 162, 169, 170, 171, 172, 176, 177, 180, 184, 185, 186, 190, 192, 193, 194, 200, 2О4, 206, 2О7, 208, 210, 211
26. ПОПОВСКИ НИКОЛА 20, 135, 136.
27. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 147, 148
28. ПАВЛОВ РИСТО - 108
29. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 152
30. ПАВЛОВ БОРИС - 110
31. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 141, 142, 152, 186
32. РАМАДАНИ САЛИ - 27, 74, 77, 163, 165, 166, 179, 182, 184, 185
33. РАМАДАНИ ХИСЕН - 10, 126, 130, 131, 132, 195
34. РУЖИН НАНО - 151

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 септември 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Алил Џаферовски, Ванчо Чифлиганец, Илинка Митрева, Благој Стефановски, Ристо Николовски и Љупчо Мешков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Фаик Абди, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 116 за додавање нова точка 116-а и на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 8 за менување на точка 96 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков, Ристо Матев и Туше Гошев, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 79, точка 81 и за додавање нова точка 81-а по кои Владата не се произнела.

I/2 ПЈ/НД

Пратеникот Љупчо Беличев, поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова точка 45-а и на точка 46 по кој Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 8 став 1, точка 15, точка 31, точка 32, точка 106, точка 118, точка 72, точка 41, точка 105, точка 113, точка 118 и корекција на имиња на одделни населени места и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Група од 35 пратеници од пратеничката група на СДСМ поднесоа амандман на член 8, став 1, точка 8, за додавање нова точка 8-а и на точка 11 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Петре Трајановски, поднесе амандмани на член 8 точка 12, член 8 точка 13, и на член 8, за менуваше на точка 14 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Марковски, поднесе амандман на член 8 точка 35 и точка 57 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Марковски, Живко Јанкуловски, Мирко Иванов, Ферид Мусовски и Петре Трајановски, поднесоа амандман на член 8 точка 58, и точка 68 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 16 и точка 17, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благој Стојковски, Персида Малинска, Александар Иванов, Слободан Богдановски, Бранко Арсовски и Драган Митевски, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 52 и точка 53 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Џеладин Мурати, поднесе амандман на член 8 точка 91 и за бришење на точка 92, член 8, точка 91, и точка 98 и на член 8, точка

93 и точка 100 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Назми Маличи, поднесе амандман на член 8 за менување на точка 109, 110 и 112 и точка 119 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Назми Маличи поднесоа амандман на член 8 став 1 за менување на точка 109, член 8, став 1 точка 119, и на член 8, став 1 точка 112 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Атанас Вангелов поднесе амандмани на член 8 став 1 точка 18, и на член 8 став 1, точка 20 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани, поднесе амандман на член 8 став 1 за менување на точка 95 и за додавање нова точка 95-а и на член 8 став 1 за менување на точка 96 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Хасипи, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 22 и точка 30 по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 2, член 5 за бришење на став 2 и на член 10, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Љупчо Беличев, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 48 и на точка 34 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Стојче Ковачевски, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 84, за бришење на точка 85, точка 86 и на точка 87 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 8, точка 22, член 8 за бришење на точката 23 и 24 и за додавање нова точка 23, член 8 за внесување нова точка 27, член 8 точка 91 член 8, точка 92, член 8 точка 94, член 8 точка 95, и на член 8 точка 98 по кои Владата не се произнела.

I/4

Пратениците Назми Малиќи и Зоран Шапуриќ, поднесоа амандман на член 8 став 1, за менување на точка 109 и на точка 112, и на член 8 став 1, точка 119 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Борис Костаќев, поднесе амандман на член 8 точка 18 и точка 20 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Кире Видимче, поднесоа амандман на член 8 точка 7 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Борис Павлов, Драган Георгиев и Ристо Трајков, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 78 и точка 80 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славчо Чапов поднесе амандман на член 8 став 1, точка 74 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиев и Борис Павлов поднесоа амандмани на член 8 точка 78, точка 82 и на член 8, став 1 точка 80 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Борис Павлов, Драган Георгиев и Ристо Трајков, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 81 и точка 78 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 75 и за додавање нова точка 75-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ферид Мусовски, поднесе амандмани на член 8 став 1, точка 22 и на член 8 став 1 точка 24 по кои Владата не се произнела

Пратеникот Вељо Тантаров, поднесе амандмани на член 8 став 1, точка 4, точка 5, точка 7 и за додавање нова точка 7-а по кој Владата не се произнела.

I/5

Пратениците Димче Настевски, Рубинчо Белчевски и Јордан Божиновски, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 65, член 8 став 1 точка 67 и на член 8, став 1 точка 68 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски и Јане Ангеловски, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 61 и на член 8, став 1 точка 63 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Николов, Милчо Трајков и Пецо Стојановски, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 102, 104 и 105 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Газменд Ајдарага, Абдурауф Пруси, Сејфедин Харуни, Ризван Сулејмани, Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали и Абдурахман Алити, Мевљан Таири и Џеладин Мурати, поднесоа амандман на член 8 став 1, точка 25, 31 и 32 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Трајков, поднесе амандман на член 8 точка 80, и точка 72 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Петар Талимџиоски, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 68 и точка 65 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани, поднесе амандман на член 5, на член 7 и на член 8 став 1 точка 40 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Георгиев, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 83 и точка 79 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Стојковски, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 55 и на точка 56 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Гоцевски поднесе амандмани на член 8, став 1 точка 111 и на член 8, став 1 точка 118 по кој Владата не се произнела.

I/6

Пратеникот Аце Коцевски, поднесе амандман на член 1, член 2 за додавање нов став 2 по став 1, член 3 за менување на член 5, член 8, точка 1 до 120 и на член 8, став 1, точка 102, 101, 102, 104, 105, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наќе Стојановски, поднесе амандмани на член 8 став 1, точка 37 и на член 8, став 1 точка 36 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Гоцевски, поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова точка 111-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов, поднесоа амандмани на член 8, став 1, точка 4, член 8 став 1 точка 7, член 8 став 1, точка 16 и точка 17, член 8 став 1 точка 22, член 8 став 1 точка 27, член 8 став 1, точка 28, член 8 став 1 точка 30, член 8 став 1, точка 32, член 8 став 1 точка 52, член 8 став 1 точка 61 и 63, член 8 став 1 точка 65, член 8 став 1 точка 66 член 8 став 1 точка 79 и 83, член 8 став 1 точка 86, член 8, став 1 точка 92, член 8 став 1 точка 94, член 8 став 1 за додавање нова точка 111-а и на член 8 став 1 точка 112 и истите ги повлече.

Пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов, поднесоа амандмани на член 8 став 1 точка 4, член 8 став 1 точка 16 и точка 17, член 8 став 1 за менување на точка 22, член 8 став 1 точка 26 член 8 став 1 точка 27, член 8 став 1 точка 28, член 8 став 1 точка 30, 31, 32, 52, 53, 61, 63, 65, 66, 68, 79, и точка 83, член 8 став 1 точка 86, точка 91, 92, 94, 111 и за додавање нова точка 111-а член 8 став 1 точка 112, 118 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипуновски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 91 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипуновски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 95 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипуновски поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 98 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров, поднесе амандмани на член 8 став 1 точка 4 и на член 8 став 1 точка 7, и за додавање оваа точка 7-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Николина Трајановска и Димитар Трпеновски поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 22, точка 24, точка 27, точка 28 точка 95 и 98 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 74 по точка 72 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славе Наумовски, поднесе амандман на член 8 став 1, за менуваше на точка 22 и за менување на точка 91 и истиот го повлече.

Пратеникот Димитрија; Трпеновски, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 84, за додавање нова точка 84-а за менување на точка 85, точка 88 и на точка 90 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Станковски, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 117 и за додавање нова точка 117-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Петар Талимџиоски, поднесе амандман на член 8 став 1 точка, 68 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски, поднесе амандмани на член 8 став 1 точка 112 и на член 8 став 1 точка 119 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славе Наумовски, поднесе амандмани за член 8 став 1 за менување на точка 22 на точка 27 и точка 28 и на член 8 точка 91 точка 92 и 94 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Котлар и Аце Коцевски, поднесоа амандмани на член 8 став 1 точка 61 и точка 63 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Николов, Александра Ивановски, Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски и Благој Стојковски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 101 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски, поднесоа амандман за менување на насловот на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 111, член 8 став 1 точка 118, член 8 став 1 точка 118, по кој Владата не се произнела.

Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани поднесе амандмани на членовите 8 став 1 точка 22, член 8 став 1 точка 22 и член 8 став 1 за бришење на точка 28 член 8 став 1 точка 30, точка 25, член 8 став 1 за бришење на точка 32, член 8 став 1 точка 37, член 8 став 1 точка 40, член 8 став 1 точка 42, член 8 став 1 точка 57, член 8 став 1 точка 58, член 8 став 1 точка 84, точка 89, точка 91, член 8 став 1 за бришење на точките 92 и 93, член 8 став 1 точка 95 точка 109, точка 110, точка 119, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани, поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова точка 111-а и на член 8 став 1 точка 18 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани, поднесе амандман на член 8 став 1 точка 31 и истиот го повлече.

Пратениците Владе Давитковски, Никола Р. Поповски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 117, и за додавање нова точка 117-а и на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 8 став 1 за додаваше нова точка 120-а и на ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Љубомир Чадиковски, поднесе амандман на член 8 став 1, точка 117 за додавање нова точка 117-а и на ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски.

Но, се извинувам господине министре, прво, процедурално господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Да не сум во заблуда се прочита дека има амандмани на Влада. Амандманите на Владата не се поделени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вчера се поделени. Молам амандманите да се достават до господинот Хисен Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа и покрај респектот на аргументите и на мотивот од едноставна причина што во членот 116 од Уставот на Република Македонија се зборува за територијална поделба на Републиката и подрачјата на општините се уредуваат со закон. Тоа е членот 116. Уставниот текст го следи насловот на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

II/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка од 1 до 120, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Господинот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 4 точка 5, точка 7 и за додавање нова точка 7-а, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот на член 8 и во врска со точката 4 за селото Гнеотино и точката 5 за населеното место Биљаник се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се прифаќа целиот амандман, или делумно?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот I се прифаќа, а амандманот II не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е еден амандман. Значи делумно се прифаќа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа само она во врска со Гнеотино и со Биљаник. Не се прифаќа со Маково, Рапеш, Орле, Брник и Иљане. И 7-а Маково со населените Орле, Рапеш, Иљане и Брник не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Тантаров го повлекува останатиот дел од амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 4, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Повлечен е овој амандман. Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Тантаров го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 4, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Амандманот се однесува на промена на седиштето на општината Бистрица, па се предлага Породин да биде. Несоодветен е.

II/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 7, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Кире Видимче.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа уште при вчерашната расправа кога беше општиот претрес на законот најавив дека ќе поднесам амандман во врска со новоформираната општина Старавина која што не се однесува ништо друго туку единствено со промена на седиштето на општината. И, наместо предложеното седиште Старавина предложив седиштето да биде во Маково. Причините од кои што го поднесов овој амандман се следниве. Имено, и во вчерашната расправа ги поддржав двете формирани општини во Мариовскиот дел во Старавина и во Бач, но сепак сметам кога се однесува за општината Старавина дека седиштето би требало да биде Маково од најпрости причини што оваа територија е навистина територијално од поголемите општини во Македонија, посебно селските општини, но со еден навистина мал број на жители. И ако се има во предвид дека и во образложението министерот рече дека еден од факторите при формира-њето на општините се и сообраќајните врски, морам да кажам дека Маково и Старавина се прилично оддалечени и Маково се наоѓа на

границата на таа општина, односно на границата со општина Новаци. И сите жители од останатите села имаат некако најприродна сообраќајна врска со Маково и тука минуваат. Инаку за најмал дел сега треба од Маково, од Рапеш, од Орле, овие села кои што се од оваа страна на реката Црна да одат за старавина. А сега како што е организиран сообраќајниот превоз навистина ќе се најдат во една тешка состојба. Од тие причини јас сметав дека е можно да се најде разбирање седиштето да се префрли во Маково на новоформираната општина, иако Старавина пак територијално претставува центар на таа територија. Но само за да им олесниме на жителите на овој крај за да бидеме во таа функција предложив да биде во Маково. И навистина можеби министерот, јас не сум запознат, воделе и разговори и како што можев да прочитам од Битолски весник дека се дошло до спротивставени мислења и во рамките на Здружението за опстанок на Мариово но сепак останувам на тоа дека би било во овој момент најпогодно седиштето да биде Маково се до оној период барем додека не се воспостават подобри сообраќајни врски. Инаку, би повторил уште еднаш дека од она како досега течеше расправата по амандманите уште на почетокот можев барем јас согледав дека се знае точно кои амандмани ќе бидат прифатени, кои не и дека е веќе постигнат договор за тоа. Јас иако имав намера да поднесам други амандмани врз основа на онаа дискусија која што вчера ја имав за селата Кравари и Крстоар со желба да не ја зголемувам тензијата на спротивставување помеѓу жителите на тие села, со желба сепак да успеам на еден начин да ги ублажам оние конфликти кои што допрва ќе се јавуваат, бидете во тоа убедени, јас тие амандмани нема да ги поднесам само заради тоа што однапред знам дека нема да бидат усвоени и ќе бидам надгласан, а сепак сакам и понатаму да задржам едни мирни тензии во овој крај.

II/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека нема многу разлика во аргументацијата, туку само во поентирањето на аргументите. Двете страни сметаат дека Старавина е центар на тој простор што значи има подобар централитет во однос на населените места. Единствено што се изнесе е прашањето на сообраќајниците за да се олеснела комуникацијата на Орле, Рапеш и Маково кон Старавина оти бил полош патот кој што инаку е до Рапеш стигнат и од Рапеш продолжува идната година да се асфалтира. Тој аргумент во исто време е и аргумент контра, бидејќи населените места кај Старавина и околу Старавина ќе имаат тешкотија по истиот пат да стигнат до Маково. Не е тоа силен аргумент. Станува збор за еден многу важен простор со природен центар и со потенцијал тој натаму во рамките на малобројната општина по луѓе да се развие онака како што треба. Сметам дека ќе се задржи во предност оваа аргументација.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Само една реченица, навистина ќе одат по истиот пат. Но јас мислам во аргументацијата сакав да докажам дека и онака жителите од тој крај градски центар им е Битола. И сакав да укажам на тоа дека тие и онака доаѓаат спрема центарот, односно ќе доаѓаат спрема општина Маково, а сосема нормално дека и овие треба да минуваат низ истиот пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е истото барање. Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 8, за додаваше нова точка 8-а и на точка 11,поднесен од група од 35 пратеници на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас и во текот на вчерашната расправа кажав за оваа новопредложена општина и натаму стојам дека оваа предложена општина има идеални услови да биде општина бидејќи нема смисла навистина да луѓето, граѓаните од овие неколку шест села од Ивањевци и околината да одат 25 км. до општината Могила. Сите се едно со друго поврзани со два до три километри оддалеченост. Целосно е решена инфраструктурата, целосно се решени сите други останати проблеми во селото. Така што мислам дека и малку сум изненаден што оваа општина не е прифатена. Предлагам пратениците да ме поддржат.

II/9.-

**ВЕЊО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници го поддржувам предлогот Ивањевци да добие своја општина бидејќи ова подрачје е една природна географска целина со шест села развиено селско стопанско производство, развиена секаква инфраструктура и заслужува да добие општина. Мислам дека ќе направиме една голема неправда жителите од Трновци последното село што треба да биде во општина да патуваат до Могила повеќе од 30 км. Исто така како пратеникот Јанкуловски јас ве молам да го поддржиме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитувани пратеници на една од претходните седници претседателот на Собранието господинот Тито Петковски рече: "дајте вие Битолчани усогласете се, во Битола да не се расправате". Па еве јас излегувам тука да кажам дека како пратеник од Битола навистина ја поддржувам оваа иницијатива и дека и останатите пратеници од Либералната партија ќе го поддржат амандманот за Ивањевци да биде нова општина. Не сакам повеќе да го образлагам поднесениот амандман заради тоа што претходните дискутанти навистина не само на денешната седница, туку и во текот на вчерашната седница и овие денови навистина доста го аргументираа овој предлог.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не би било толку неприфатливо да се формира општина Ивањевци,меѓутоа би било многу неприфатливо да се прифати следниот амандман кој што истата пратеничка група односно не пратеничка група, истиот пратеник ќе го предложи. Имено, покрај Ивањевци да постои и општината Могила. Имено, сега сите овие села што се предлага да се

издвојат од општината Могила и да се претворат во нова општина зафаќаат 37 км2 со 2.20 0 жители. На тој начин Могила ќе остане со 110 км2 што значи простор доволно, но повторно со 2.400 жители.

Следна работа што треба да се има предвид групирањето на населените места кон Ивањевци е погусто и ако се формира Ивањевци, Могила природно треба да остане со три населени места. Со други зборови Могила која што е во тој случај поблиска до Битола 8 км. би требало да се приклучи кон градот Битола. Меѓутоа тоа за господинот пратеник не е прифатливо, веројатно и за другите пратеници од Битола, туку нивната идеја е да се формираат две минијатурни општини во еден простор во кој има место за една општина. Доколку станува збор за промена на седиштето на општината, јас би го прифатил Могила, или Ивањевци. Меѓутоа, и Могила и Ивањевци навистина е лицитирање со општини врз најлокален и најтесен интерес.

III/1.- JJ/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Живко Јанкуловски

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Министерот спомна дека за две општини нема простор. Јас ке кажам само дека од овие две општини што би се формирале има некаде 20-30% помали општини. Околу квадратурата и жителите се обидов јас да направам една сметка и во Могила би останало се нормално со додавањето на Чарлија зашто таму припаѓа, околу 100 $км^2$ површина околу 3.200 жители. А Ивањевци би добило 68 км^ и околу 2.200 жители. гака што овие и природно се одделени едно од друго за да бидат две општини. Могила би претставувала општина со 6 села Долно Српци,. Баранци, Могила, Радобор, Чарлија Долна и Долна Чарлија, значи 6 села, сите на едно место и се оддалечени едно од друго најмалку 5 км. а другата општина што се предлага е оддалечена 25 км, а сите села меѓу себе се оддалечени 2 до 3 км, Така што тие природно се одделени за да бидат две општини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Никола Поповски

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, со оглед што вчера имавме 12 часа расправа, сакам да укажам само на една нелогичност, не сакам никаква тензија за внесам во Парламентот, меѓутоа, мислам дека нешто треба да се констатира. Една цела пратеничка опозициона група која вчера 12 часа дискутираше, убедувајќи не дека има многу општини, сега на првата позиција каде што се бара уште една општина дава поддршка. Јас тоа не го осудувам, меѓутоа, го осудувам тоа што вчера беше демагошки кажано дека има многу општини. Затоа што сега со секое

ново барање за општина таа иста пратеничка група се изјаснува во целина дека ги поддржува и тоа со партијализацја до две-три илјади жители.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека би требало до крај да се гледаат работите и јас ја почитувам онаа изјава што министерот на телевизија рече дека се надева нема да има 121 општина, но како одговор на г-динот Поповски за пратеничката група дали се залага за зголемување или намалување, па ако оваа општина се усвои ќе имате прилика да погледнете амандман со кој што повторно ќе останеме на оваа бројка, али јас навистина како пратеник чекам да видам прво дали ќе се усвои овој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака збор? (никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,

Молам кој е за да крене рака?

13 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 12. поднесен од пратеникот Петре Трајаноски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИОТИ ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Трајановски

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Насекаде во Републикава со влегувањето во процедура на овој закон,м интересот беше голем, исто така и во >Македонски Брод бидејќи досегашната општина се дели на три општини, предизвика голем интерес и реагирања во однос предлогот за донесување на овој закон. После расправата по предлогот за донесување на законот некако тие реагирања и страстите додоја на свое место, можеби не во целост, но тука некаде беа задоволени интересите и барањата на граѓаните кои живеат во ова подрачје. Сега кога дојде предлогот на закон повторно реагирањата се јавија на повисоко ниво, бидејќи дел од делбите на грганите не се остварени. Заради тоа јас има амандман на член 8 точка 12 каде што барам да се додадат населените места: Стражево, Белица, Брезница и Сушица кои што со предлогот за донесување на овој закон беа таму ставени. Не ми е јасно од кои причини овие населени места се вратени назад. Овој амандман го поддржува со следново:

Прво и основно што е за мене е што граѓаните од овие населени места, нивната желба е да останат во досегашната општина, со оглед на тоа што отсекогаш таму и припаѓале, таму ги остварувале своите права и сметаат дека и натаму ќе ги остваруваа полесно своите права. Исто така сите овие 4 населени места поголемиот дел имаат изградено свои куки во М. Брод и таму живеат нивните фамилии. Исто така и во иднина одејќи таму каде што живеат нивните семејства и деца полесно ке ги остваруваат своите граѓански права.

Што се однесува до префрлувањето, со Предлогот на закон во новата општина Самоков, едно е точно што само оддалеченоста е

помала. Инаку нема ниту еден услов што ќе овозможи да одат таму,. Исто така природна граница за овие села меѓу новата општина Самоков и М.Б род ќе биде Езерото Козјак кој што и природно ќе ги дели.

Исто така, и граѓаните кои што живеат таму мислат дека полесно ќе можат да дојдат до решавање на своите комунални проблеми кои што идната локална самоуправа треба да ги решава од причина што во општината М. Брод ако останат полесно ќе можат да ги решат бидејќи новоформирана општина - Самоков со својата развиеност да останува зад М. Брод бидејќи во оваа општина има и повеќе населени места кои што имаат голем дел на нерешени комунални, инфраструктурни и други прашања.

Исто така не ми е јасно зошто се префрлени ваку и зашто не се верува и не се меродавни искажувањата и мислењето на еден пратеник кој што доаѓа од тоа подрачје а се сметаат за померодавни и повеќе значење им се дава на некои искажувања и барања на разно-разни емисари кои што се движат по овој крај и душебрезници кои им ветуваат дека ќе биде подобро вака, а не како што е сега, се со цел да дојдат за да остварат само некои свои права и интереси, да земат нешто, да ги разбрануваат страстите и да си заминат едноставно, без за тоа да имаат грижа на совест или дека навистина утре ќе биде подобро за тие граѓани. Од овие причини барам од пратениците да биде поддржан овој амандман, а во врска со овој амандман имам 3 со фактички значи бришење на тие населени места од точката 13, а секако за подобро утре на граѓаните што живеат таму, барам пратениците да го поддржат овој амандман.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владо Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ;**

Има дел од документацијата и аргументи што би ги нарекле тврди,факти и има дел што би ги нарекле лесни факти, и каде што има тежа и против тежа или противречни искажувања по ова прашање што можеме да ги документираме.

Прво, да одиме до овие покомплицирани факти. Министерството за правда во досието и документацијата располага со барања на месните заедници и од други асоцијации, за Борова Брезница и Стажево дека сакаат да бидат во општината Самоков. Само Белица која што е на патот од каде што овие две села излегуваат се има сито таква аргументација месната заедница определено за М. Брод.

Сите три села кога ќе излезат на сообраќајницата за М. Брод или за Самоков а тоа е мостот преку Треска до Самоков имаат 8 км. а до М. Брод 30 км.

Второ, Езерото Козјак не ги дели овие две места бидејќи огледалцето на Езерото или таму каде што Реката почнува да завирува и надолу да формира Езеро завршува пред мостот.

Единствената врска на двата крака е мостот а оддалеченоста е таа. Тоа се два дела кои што географски претставуваат една единствена целина и тоа се села и места кои што припаѓаат на општината Сакоков кога_беше општина, а не припаѓаа на М.Брод зашто тој е 30 км, оддалечен, а ова е 8 км.

Што се однесува до инфраструктурата, веројатно во одреден вид на објекти М. Брод има предност бидејќи се развива како град но во

определен вид друг објекти прашање е кој од тие два центри имаат предност. Меѓутоа ние создаваме различни водови на општини, природно овие села припаѓаат на оваа општина и оваа се поврзува со регионален пат пробиен Скопје – Самоков - М. Брод и перспективата на оваа општина стопанска економска и во друга смисла е мошне голема. Документацијата за тоа каде нивни семејства се одделени и живеат не држи толку, бидејќи најголем број од семејствата од моето село се во Битола и во Скопје, што не значи дека моето село треба да биде во општина Битола или во Скопје. Ниту пак обратно, градовите да бидат кон селото од кое потекнувам. Огромен е бројот на населението во градовите кои што во прва генерација потекнуваат од село, затоа што 1991 година Македонија имаше 75% селско население а само 25% градско. Сегашната процентуална структура е 43% селско население, практично е резултат емиградина на селатанита во градовите.

Според тоа ги повикувам пратениците, ги замолувам и им обрнувам внимание да ги респектираат аргументите и критериумите на законот за локалната самоуправа во смисла на географска и територијална припадност, постојат врски, постои инфраструктура а перспективата на таа општина ќе биде мошне добра.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Петре Трајаноски

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИТ**

Видете, јас мислам дека јас кој доаѓам оттаму и повеќе од 25 години сум таму подобро ги знам состојбите на теренот ,а и желбите на граѓаните. Исто така сакам да дополнам дека навистина суштински, доколку се прифати амандманот, не се менува и не влијае на законот. Овде не е проблем како што е во другите барања и амандмани дека ќе се наруши националната структура или нешто друго, а ова е само да

има добра волја и секако дека треба да ги почитуваме барањата на луѓето што живеат таму да со Законот за локална самоуправа го донесовме во интерес на граѓаните што живеат таму, а не за оние што живеат на други места и кои имаат други интереси. Од тие причини уште еднаш ве замолувам да го поддржите амандманот:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Во врска со овој амандман, во првата фаза на расправа јас бев тој кој ги изнесов барањата на здружението на Поречаните што живеат во Скопје, бев заполен и го направив тоа, овие барања за селата што Ќе ги наведам Белица,Стажево, Брезница, беа прифатени од Комисијата, од министерот и се составен дел и претпоставувам дека како такви Ќе бидат прифатени. Беше спомнато дека некои емисарии оделе со некои свои интереси. Можам да го кажам следното. Во првата фаза го изнесов барањето и можам Да кажам дека не ме поврзуваат никакви врски со тие краишта, тој крај го познавам многу добро, ми се допаѓа, но немам намера да купувам и да градам таму, единствено ги пренесувам желбите на здружението на Поречаните и му благодарам на министерот што ја прифатија оваа сугестија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Петре Трајановски

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Мислам дека и искажувањето на г-Станковски е во смисла на она што јас го реков дека се барања од некој други кој што не живеат таму, живеат овде во Скопје и имаат други интереси. Ако за нив го носиме законот, тогаш..... !?

III/8.-

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

14 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Се јавува г-динот Сали Рамадани со процедурално прашање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со оглед дека вие расправате по овие амандмани, во Кичево нешто не е во ред, а можеби и врие. Наиме, да не би држал подолг говор, Ќе кажам само една единствена реченица . Вчера македонската полиција на Министерството за внатрешни работи ....

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам ова не е процедурално прашање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

ги спречила граѓаните

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам ова нема врска со и ве молам напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Барам исто така одлагање на понатамошната расправа по овие амандмани, дали е ова процедурално?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Затоа што им се приклучувам на другите предлагачи поранешни,

колку амандмани има тука и да е некоја феноменална Влада нема да направи ништо, затоа што овој проект е многу сериозен, па како што рекоа и другите нека биде или за наредната недела, или најмалку за крајот на оваа седница. Има многу амандмани, а јас имам 10 скоро 20 амандмани,.

**ТИТО ПТТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г,динот Сали Рамадани, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека предлогот не е усвоен,.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 12 поднесен од пратеникот Петре Трајаноски.

IV/1.-РД/ОМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Се однесува на барање да се промени седиштето на општината Пласница во населеното место Ижиште кое што населено место е исто со таа цифра 28 или 78, а Пласница е најголемата населба со инфраструктура комплетна и со села околу неа кое што врзува над 3 или 4 иљјади жители.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека за друг амандман зборуваше министерот.

Грешка е.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кон член 8 точка 12 се додаваат Тажево, Брезница, Белица и Сушево. Ова е член 8 точка 12 се брише населеното место Ижиште. Таа е поврзано токму со ова што го објаснив, а амандманот во врска со ова што го објаснив е Ижиште да се брише од Македонски Брод за да постане седиште на општината Пласница. Не е прифатливо ни бришењето на Ижиште од Македонски Брод, ниту тоа да постане центар на општината Пласница.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Доколку не се избрише Ижиште од точката 12 , не може да појде ваму. Ниту да биде центар ниту да влезе во другата општина. Треба да се избрише Ижиште, ако оди таму. Тоа не значи дека треба да биде центар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 13 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Тоа е веќе амандман кој што се однесува на Тажево, Брезница, Белица и Сушица, она што не го усвоивме пред малку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 13 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на точка 14 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

IV/3.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Повторно околу Ижиште со населените места Пласница, Дворци и Лисичави. Амандманот не се прифаќа.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Се работи за следново: Со претходниот амандман во кој што барав Ижиште да се брише од членот 8 точка 12 со цел да појде во точката 14 од истиот член и да биде седиште на општината, бидејќи Ижиште навистина припаѓа во тој дел. Ижиште од секогаш, односно во тој дел каде што имало повеќе општини бил општински центар и место кое што е подеднакво оддалечено од другите населени места, односно Пласница, Брегово , Дворци и Лисичани. Од тие причини мислам дека е прифатливо и не е спорно ниту за граѓаните и навистина е центар за сите. Ижиште се вика месноста која што е на 2 км. од селото и тука ги има сите предуслови за профункционирање на идната локална самоуправа. Тука од секогаш реков дека било општина , било месна канцеларија, тука е и поштата и навистина претставува еден центар за сите населени места кои што гравитираат кон него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Навистина бес желба да се креваат тензии само ќе ги прочитам податоците. Ижиште има 78 луѓе население вкупно, Пласница има 2333 , со неа споените села 4 илјади жители. Ижиште точно е на патот кон Македонски Брод од левата страна, Пласница е од десната повлечена подлабоко во простор од патот. Во однос на овие села што се во владиниот предлог Пласница преставува и центар. Ние во Министер-ството за правда досега немаме добиено податок дека населението на

населбата Пласннца се согласува да оди како во општински центар во Ижишта. Тоа значи едно огромно население да оди во неколку објекти кои што постојат на патот и каде што Пласница навистина кога сака да оди било во Брод, било во Кичево излегува на тој пат и оди лево за Кичево, десно за Македонски Брод. Тоа е првото прашање, бидејќи ги немаме тие информации дека сакаат да одат во Ижиште, бидејќи Ижиште е од 78 население, а Пласница е од толку колку што кажав и бидејќи имаме информации од пратеник дека Пласница не се согласува да оди во Ижиште, предлагаме да не се менува седиштето на општината.

Второ, бидејќи 77 -те граѓани на населбата Ижиште имаат изразено желба и тоа јасна дека сакаат да останат во Македонски Брод, а се од левата страна на патот, значи поблиску до патот а Пласница е подлабоко на десната страна, предлагаме Ижиште да остане во Македонски Брод и на тој начин да се излезе во пресрет на желбите на Ижиштани да бидат граѓани на општината Македонски Брод. Тие граѓани би се согласиле евентуално, доколку би биле центар на општината Пласница, што како што сметам навистина не е можно.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 16 и точка 17 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/5.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 16 и 17 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е ист, што значи е прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 18 поднесен од пратеникот Атанас Вангелов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Ќе морам да почна јас со зборовите со кој заврши г-динот министер за жал, меѓутоа, ќе си допуштам една мала корекција во духот на современиот македонски јазик и ќе рачам за жал Владата нема аргументи, или барем не се потруди досега да изложи аргументи со кои ќе ги оспори оние аргументи кои ги соопшти во првата верзија и за кој процени дека се валидни, дека се убедливи и дека одат само кон тоа да се елиминира една крупна контрадикција за која со сигурност тврдам дека постои меѓу начелата на закон®С[ од една страна и нивната материјализација која се изразува во 120 точки.

IV/6.-

Јас не можам, како што подвлеков и вчера, да зборувам за сите 120 точки, затоа што ниту можам , ниту пак смеам да размислувам дека во детали ќе ја познаам таа материја за да зборувам компетентно, разложно, систематски, исцрпно, прецизно и онака како што треба во еден парламент. Меѓутоа, си допуштам да речам дека постои крупна контрадикција меѓу начелата на законот, кој произлегуваат како што Ви е добро познато од Законот за локална самоуправа донесен на 1 ноември 1995 година, кој стапи на сила на 15 ноември 1995 година, а имено во член 14 и член 13 каде што заправо се дефинира она што всушност с е вика стварност на една територијална единица и како што Ви е добро познато врз основ ана тие два члена се формулира сегашното образложение кое се дава по сите оние 120 точки по член 8, па се вели, т.е. се извлекува еден магистрален критериум кој кажува дека може да биде територијална единица, која заправо ќе биде она што е материја на она другото кое се нарекува единица на локална самоуправа ако во принцип и секогаш, т.е. по правило, а не по исклучок е катастарска целост. Она што обично се дефинира, како природна, географска и социјал - урбана средина, е извлечено од член 13 и член 14 на законот за локал- на самоуправа. но тука е нагласено, а се напуштени, како што потсетив вчера сите оние четири начела од првата верзија на законот кој ги критикував во една систематска форма, се задржува еден клучен критериум, или клучна категорија која се вика катастарска целост. Нема многу да Ви здодевам, бидејќи се чини дека ризикувам да станам здодевен зборувајќи на оваа тема, но во овој случај имам една мала утеха која ја позајмувам од реакцијата на г-динот премиер Бранко Црвенковски, кога се соочува со такви околности. Тој вели вака: најмногу ризикува оној што заправо ништо не ризикува. Значи ќе ја уважам таа негова постапка во такви крупни околности, па ќе си допуштам уште малку слобода да потсетам на некои елементи кои се дадени во една

кратка и систематизирана форма, а кој се доставени до секој пратеник пред полни три месеци, а со кој тој можел детално да се запознае , претполагам дека се доставени и до членовите на Владата и до други компетентни научни, професионални, добро намерни и во секој случај заинтересирани личности и институции. Во таа мала, но во секој случај многу систематична книшка изработена од месната заедница во Богданци, се дава еден краток опис на историското прашање , околу проблемот на Богородица по однос на општина Богданци и по однос на Гевгелија. Тој историјата е мошне индикативен и вели дека село Богородица никогаш не било единица на општина Гевгелија и прв пат станало 1965 година кога со Закон е заправо, верификувана една концепција на крупни општини и од 1965 година до ден денешен тој е заправо единица на општина Гевгелија, но како единица на општина Богданци.

Прашањето има не само историски карактер кој говори како тврд аргумент, да се послужам со речникот на г-динот министер, во прилог на амандманот кој го предлагам, има уште и еден морален аспект. Моралниот аспект, уважени господа пратеници, се состои во тоа и ми се чини дека овие луѓе кој го изложуваат тоа го прават со полно право, се состои во тоа дека не може да се дели кога се направило спој, а сега кога доаѓа до поделба , оној што влегол како целина да излезе ускратен за нешто. Имено, не може да се прави поделба на општина Гевгелија по тој начин, што таа да ја прима Богородица како единица на општина Богданци, а при нова. делба сега одеднаш да и се остава на општина Гевгелија една единица која можеби е атрактивна , која можеби на друг начин е занимлива за таа општина, која , еве да се изразам и со речникот на г-динот Горѓи Атанасов, е имиџ на Гевгелија, но мораме во тој момент да признаеме дека не станува збор за аргумент туку за еден декоратнвен

и фиктуален елемент, кој евентуално може да служи само како украс на општина Гевгелија. И не само тоа. прашањето има и еден законски аспект кој е заправо во врска со овој закон кој се предлага. Ако се прифати ставот на Владата , а се одбие мојата интервенција преку овие два елемента, очигледно е дека заправо се напушта едно строго правило кое вели дека мора да има однос на компатибилно, односно на усогласеност меѓутоа што е формулација и она што е принцип или начело. Не може да функционира во овој закон врз база на овие две точки принципот катастарска целост, ако се знае по сите катастарски документи дека реката Вардар е она што прави граница меѓу две катастарски целости. Можно е да се прават исклучоци и со тоа се послужи вчера, затоа што постои една стара римска поговорка, уште од римското право која вели дека нема закон,  нема правило без исклучок. "Нула регула сине ексепционес"• Но се плашам и мислам дека има смисла да се каже таа бојажливост дека на тој начин ние инагурираме особено кога не се документира исклучокот, кога не се аргументира, и наугурираме Некоја практика кога исклучокот станува правило.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:** (продолжение)

Постојат и низа други аспекти и моменти од системски комуникациски и тн. карактер. Еден од нив е на пример образовниот систем.- Се вели дека тоа би можело да биде аргумент во прилог на решението на Владата с. Богородица да припадне кон урганата целост Гевгелија. Добро, нека е така. Меѓутоа, тогаш се поставува едно мошне едноставно прашање, зошто на пример Основното училиште во с. Богородица не клони кон некое основно училиште во Гевгелија, туку клони кон матичното училиште во с. Стојаково? Многу едноставно, клони од проста причина затоа што се работи за една географска, природна и катастарска целост. Иста ситуација е и со здравството, иста ситуација и со другите системи.

Нема да должам бидејќи гледам дека сте на крајот од вашата стрпливост, ќе изложам само уште еден многу важел аргумент. Аргументот е. во врска со мелиоративниот систем на Богданска котлина. Постои брана, тие работи можат да се проверат во овој документ, постои брана градена точно за овие три системи, три единици Богданци, Стојаково и Богородица,а не обратно, систем кој потекнува од Гевгелија бидејќи на тој начин се урива еден обичен физичка закон кој вели дека секоја вода бара пад. Не може да имате пад од Гевгелија кон Богородица туку имате пад од онаа планина што се вика Карабалие и Богданци во правец на Богородица.

До колку биде потребно, а ми се чини дека нема да биде потребно, бидејќи самиот факт што Владата до сега не уважи ниту еден од овие аргументи како и аргументите што си допуштив слобода во екстензивна форма да ги изложам уште во првата верзија за овој закон, останува сега едно, така да се каже вообичаено решение, а тоа вообичаено решение е во вашите раце. Сега вие ќе треба да се одлучите дали ќе ги поддржите

V/2

амандманите а кои тргнуваат од една сложена, тврда и мека аргументација што секогаш оди во прилог на амандманот, а не во прилог на решението што го предлага Владата. Ќе покажете дека имате намера да ги респектирате, се разбира секој има свои причини како да постапува, а моја должност е сепак да постапувам во име на правдата, во име на совеста и во име на вистината, затоа што смислата на секое политичко решение е да биде праведно, бидејќи ако е праведно има основа да функционира. До колку не е праведно нема основа и причина да функционира.

Затоа ќе прекинам тука и ќе ве замолам да го поддржите амандманот на точка 18 кој имплицира истоветна ситуација со точка 20

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски министер за правда.

**ВЈ1АДО ПОПОВСКИ:**

Мотивот да излезам и побарам збор за ова прашање е констатацијата или тврдењето на г-динот Вангелов дека Владата е без какви и да аргументи и дека исклучокот во овој случај не го има образложено и дека на тој начин се востановува исклучок кој што не е во рамките на регулата, со можности да се деформира практиката. Мотивот ми е да ја амнестирам Владата до голема мерка и да укажам дека разгледувајќи го ова инаку сложено прашаше Владата имаше аргументи и тоа редица аргументи што сепак се определи Богородица како населено места да предложи да биде во општината Гевгелија.

Прво да расчистиме околу нејасно искажаните констатации. Населеното место Богородица не влегува во катастарската единица на Богданци, бидејќи секое населено место во случајот има сопствена посебна катастарска општина или граници на својата катастарска општина. Тие не се допираат со границите на катастарската општина Богданци, бидејќи меѓу нив се наоѓа с. Стојаково.

V/3

Второ, факт е дека Богородица се наоѓа на три км. од Гевгелија и 10 км. од Богданци. Факт е исто така дека Богородица ако се оди низводно е од левата страна на Вардар а Гевгелија е на десната страна на Вардар. Факт е дека реката Вардар е природен меѓник за природните ситуации, но не и за историзираните или за оние ситуации што човекот низ својата пракса или односот на Гевгелија кон Богородица успеал да го измени и создаде нови факти, природни факти и тврди факти.

Најтврдиот факт е автопатот или двата моста со по три ленти, шест сообраќајни ленти меѓу Гевгелија и Богородица и фактот е дека сообраќајницата меѓу Богородица и Богданци е непропусна, тесна, многу полоша и факт е дека се стигнува навистина многу поедноставно полесно до Гевгелија од колку до Богданци. Факт е дека другата инфраструктура образовна, културна и друга е поврзана повеќе со градот Гевгелија, факт е дека месната заедница во Богородица имаше собир и ни ги прати документите во кои го документираше бројот на гласачи и бројот на тие кои гласале за Гевгелија односно за Богданци, каде што се укажува дека поголемиот број и тоа видливо, значително поголемиот број на граѓаните на Богородица гласале за останување во Гевгелија.

Според тоа, во меѓувреме од 50-тите години до денес или половината од 20-от век до крајот на 20-от век каде во овој момент се наоѓаме, извршени се такви интервенции во природата и меѓу двата брега на Вардар што е променета фактичката позиција. И, на пример непремостлив би бил апсолутно аргументот Вардар или Аксиос за времето на Аристотел бидејќи Аристотел со неговите познаници од Богородица или од друго место би се чудел како да се префрли на брегот каде што сега се наоѓа Гевгелија. Односно, пред тие сообраќајници,

пред таа инфраструктура навистина било потешко комуницирањето меѓу овие два града. Но денеска, многу е потешко тоа комуницирање и општење со Богданци. За жал тоа е така и тоа за жал не се однесува и не беше, така да речам на министерот еден исказ дека Владата нема никакви аргументи туку дека се најде меѓу противречни, сложени аргументи, зад кои како непобитен фак, заради целовитост во информацијата е дека единствено системот за наводнување навистина потекнува од браната под Карабалија и е правен за с. Стојаково и Богородица и навистина водата тече од Богданци кон Стојаково, како што Вардар тече од север кон југ бидејќи целиот терен и театрално клони кон Егејското море и сите води течат натаму што не значи дека, бидејќи падот на водата е натаму тоа да е решавачки аргумент околу припадноста на населените места кон центрите на општината.

Ова го соопштив заради Владата, нејзината аргументација за да не се стекне впечаток дека таа била тука произволна и дека препрочитувала само еден аргумент, а тоа е оценката дека Гевгеличани евентуално се посимпатични отколку Богданчани. И едните и другите се еднакво прифатливи, но фактите вака стојат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Вангелов има збор.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Допуштете, уважен г-дине претседателе, уважени господа министри, уважени г-да пратеници, да се извинам што мора да говорам по втор пат на оваа тема. Меѓутоа некои работи сепак ќе мораме да ги разјасниме до крај ако ништо друго барем за оние кои ме слушаат.

Вчера малку се позанимававме, ако се сеќавате, со некои логички прашања. Ми се чини дека во полно работи беше во право г-динот министер кога приговори околу логичкиот исход на некое излагање или процедура. Меѓутоа, јас сум должен да почека!м сега дека тој во овој момент направи еден крупен логички престап кој може да остави

впечаток за јавноста дека Владата има крупни аргументи на база на неговата систематизација и на неговата експликација. Но, тој ефект би можел да биде лажен и ќе се обидам да образложам зошто и на кој начин може да биде лажен.

Постои, во логиката, уважени господа пратеници една техника на докажување што се вика "аберацио еленхи". Тоа е таква техника на укажување кога вие сакате да постигнете ефект на вистинитост на тој начин што земате аргументи од една сфера па ги префрлате во друга.

Така на пример во овој момент г-динот министер или придаде преголема тежина на некоја моја евентуално непрецизност, за што во овој момент не можам да се сетам, или пак на извесен начин ја формулира така да се стекне впечаток дека заправо јас говорам невистина, а тоа е во врска со катастарските единици.

Секому кој е тука добронамерен дека јас говорам за катастарска целост, а катастарска целост е заправо општината Богданци во која спаѓа единицата Богородица. Но, ако се каже, како што убаво го изведе тоа г-динот министер дека јас не разбирам што е тоа катастарска единица Богданци и уште не разбирам што е катастарска единица Богородица, па на извесен начин ја доведувам во заблуда јавноста тврдејќи врз основа на своето незнаење што заправо сакам да постигнам излегува дека не само што не знам, туку и намерно ја доведувам во заблуда, не само вас туку и јавноста.

Повторно кажувам дека , заправо, доаѓа до напуштање на магистралното начело што се вика катастарска единица. Се реже Богородица од катастарската целост Богданци, а тоа е ако сакате каријатида на целиот закон. Вие можете да говорите уште серија аргументи што јас можам да ги оспорам веднаш. Но, ќе оспорам само еден почитувајќи ја вашата стрпливост и по секоја веројатно стрпливоста на јавноста:

Педесет години животот течел така, но нели г-дине министре сега ние го менуваме животот? Прв контрааргумент. Велите од 50-та година па натаму. Не е точно , од 1965 година. Заклучно до 1965 год, Богданци беше општина во која Богородица беше единица и што е најважно, ја зачува својата демографска структура што не е случај со серија села во општина Гевгелија.

Велите дека магистралниот пат, но морате да имате предвид дека тоа беше политичко решение од волонтаристички тип. Постои, г-да пратеници, проект со кој се скратува патот од Миравци односно Марвенци до граници цели 40 км. Но, благодарение на политички волонтаризам, за да се доведе Гевгелија во протекционистичка позиција тој пат ни до ден денеска не е изграден, па така тие краишта на извесен начин се дискриминирани. Еве го проектот, еве ја картата. И тоа се факти.

Би можел и натаму сега да ја кревам на тој начин тензијата И јас ќе изјавам како г-динот министер дека немам намера да кревам тензија, но имам намера секогаш во секој момент и со силите со кои располагам, претензија не тензија да ја изложам вистината.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(23 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 точка 18 поднесен од пратеникот Атанас Вангелов.

Отворам претрес по амандманот на член 8, точка 18 и точка 20 поднесен од пратеникот Борис Костаќев.

Пратеникот го повлекува амандманот.

V/7

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 2 0 поднесен од пратеникот Атанас Ванглеов.

Г-дин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е поврзан со претходниот и до колку ова се усвои Богородица нема да биде во ниту една општина ќе виси во воздух.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Со оглед на ситуацијата со амандманот по точка 18, амандманот на точката 20 е заправо последица на точка 18. Сега нема смисла јас да го бранам овој амандман кога веќе точка 18 не е изгласана.

Ева, ќе бидам малку благонаклонет кон Владата, јас ќе го повлечам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за менување на точка 22 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Со одбивање на овој витален и стратешки амандман на Гостивар, со недоволно убедлива аргументација и нејасни критериуми, јасно е тоа зошто е сторено.

Од практични причини се залагам градот Гостивар во кој веќе се преселени во текот на последниве 10-тина години, 20, околу 10 и повеќе села од ридско - планинскиот дел и кои како венец го опкружуваат градот со сите нерешени основни животни проблеми од комунални и други проблеми, инфраструктура никаква, Гостивар е град, касаба кој и ден денес нема водовод со пречистителна станица. Гостивар нема ниту едно паркиралиште, Гостивар растел енормно последниве години, меѓутоа ништо за тоа население кое денес живее во Гостивар, над 35 илјади жители не е обезбедено во смисла на едно градско живеење со сите потреби на граѓаните, а во склад со овој закон што ние денеска го носиме.

Каков е градот Гостивар денес по својата големина може слободно да се подели и на две општини, а не да се оптоварува со уште пет населени места со околу 15-20 илјади жители. Сите тие ќе бараат остварување на своите права и своите потреби токму во Гостивар односно во градот кој не може и на ова население да му пружи доволно, односно минимални услови за живот и работа.

Аргументите со кои и ден денес ниту јас ниту граѓаните во Гостивар не можат да бидат разубедени дека овие села исклучиво мора да припаднат кон градот имаат и контрааргументи што веднаш ги побиваат тие аргументи.

Селата Здуње, Равен и Мердита се многу поблиски и многу поповрзани со градот Гостивар отколку што се с. Дебреште кое треба да го мине автопатот, треба да мине едно брдо и млаката, со ништо не е поврзано со Гостивар.

**МИРКО Ј1АЗАРЕВСКИ**: (Продолжение)

Цело Дервишко поле да се помине, а Врапчиште додека има и барање од селото бара или да биде целосно приклучено во Врапчиште бидејќи има некаква тенденција за делење на селото пола во Врапчиште пола во Гостивар.

Што се однесува до другите две села, Големо и Мало Турчино наместо Беловиште кои се наоѓаат преку двете реки Лакавица и Вардар и кои треба да го заменат атарот на новоформираната општина Долна Бањица, тоа е само некаква политика да тие бидат приклучени кон градот Гостивар.

Истото важи и за другите две села. Според тоа, сметам и останувам на тоа да градот Гостивар да остане град општина бидејќи треба да ги решава сите елементарни проблеми за живеење во тој град. Добро е што градот односно таа голема општина од над 100 км. во пречник и над 10 илјади жители со повеќе од 80 населени односно 10-тина иселени села беше оптеретена и недоволно можеше да се развие самиот град и да ја развие својата инфраструктура. Сега од чисто политички аспект, со недоволно критериуми, кои се критериумите дали број на жители на градот, тоа е веќе за 2 општини град по овие критериуми на територијална поделба и по законот за локална самоуправа и оддалеченост како критериум и инфраструктура не се воопшто одржани. Затоа јас останувам при својот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

18 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 22 поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Мојот колега Мирко Лазаревски го елаборираше овој амандман кој што е идентичен. Мислам дека ред беше од предлагачот бидејќи постои радикална измена во однос на предлогот за донесување на закон каде што Гостивар беше предвидено без населени места ние не добивме воопшто аргументи, зошто сега се природаваат на Гостивар овие 13-15 илјади жители, со кое што практично се нарушува основниот критериум при кое што Гостивар беше земен за оние реперни општини, да се раздвои, да не биде мамутска општина. Практично, со ова, со издвојувањето на другите општини Гостивар практично се зголемува за некаде 40%, бројот на жители како општина затоа што отсега натаму ние треба да манипулираме со новите бројки. Во таа смисла Гостивар останува една огромна општина со некаде 43.500 жители. Мислам дека беше пожелно, упатно беше едно такво образложение да ние биде поднесено за да нема ниту манипулации, ниту инсинуации, да нема пребројувања, да нема математики, меѓутоа, овде сега практично некој прави математика. Некој се обидува на вештачки начин националниот

состав на Гостивар како град се промени, се разбира во чија полза. Мислам дека министерот должен да даде образложение во една ваква насока.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Дадов и вчера образложение, но еве да се повтори затоа што се поставува важно прашање, а со правецот на неговото објаснување се форсира една тенденција дека во случајот исто така не постојат никакви аргументи. Имплиците се обновува се она што вчера мислам аргументирано дека одбив дека има логичка врска и аргументацијата е во следното.

Прво, Гостивар навистина во овој предлог е со 5 населени места предложен. На тој начин Гостивар не претставува никаков исклучок бидејќи нема град во РМ кој што без ниту едно населено место. Веднаш да укажеме дека не претставува исклучок по таа основа.

Второ, општината Гостивар денес брои 108 иљјади жители. сите се поврзани со градот Гостивар. Не е можно да се замисли логички и добронамерно ако се дискутира дека Гостивар со 108 иљјади жители е поспособен да ги решава комуналните и други непосредни интереси на сите 108 иљјади жители во една огромна длабочина на својот простор, да дека денес ја губи таа способност на простор од 50 км$^2$, што значи една извонредна мала простори за или мал тесен простор околу градот со 43.567 жители. Значи, не функционира ниту тој аргумент. Ако има некаква грешка која што може доколку се инсистира на тоа да се каже дека Чебриштекое што е навистина поблиску до Врапчиште а дека Здуње е навистина поблиску до Гостивар со индустриска зона тоа е факт. Дебриште е подалеку од Гостивар, Здуње е поблиску до Гостивар,

Дебриште е поблиску до Врапчиште, Здруње поблиску до Гостивар, Дебриште подалеку од Гостивар. Ништо друго нема во овие забелешки што може да се забележи.

Селата околу Гостивар се населби. Дел од нив се и со мешано население. На пример, Беловиште е со 40% македонско население, и 60% албанско население. Другите села се на пример Балин Дол со 77% албанско население, другото македонско население, Мало Турчане е со албанско население 99,3% и Чаиле е со албанско население 100%. Тоа значи дека структурата бидејќи тоа сака да се соопшти тука, структура на градот доколку тој се изолира и да е друго населено место, друго населено село се пометува некаде за 8% или 10% на страната на албанската националност и се пометува за 8% на страната на Македонците подолу. Со тоа практично во општината Гостивар исто така не се дезавуира позицијата на македонците во таа општина, заради тоа што тие како граѓани еднакви и на турците и на албанците во тој град стекнуваат на овој начин поголема способност да ги решават своите комунални и урбани и други проблеми во однос на гломазната, огромната гостиварска општина. И ако се сака да се држи до некакви проценти на етничка основа кои воопшто не играат или не играат улога кога станува збор за реална локална заедница со сите надлежности, Гостиварската сегашна општина е со 64% албанско население и со 18,9% македонско население. Значи, -дека општините се правата реално според теренот. Населението е распоредено така како што е реално во животот распоредено. Тоа е со векови тука заедно, соработува и е упатено едно на друго и според тоа со овој предлог за градот не се пореметуваат тие односи.

Одредени општини што се предложени во општината Гостивар се како општини на РМ со претежно албанско население, други се со мешано население, има исто така и една општина која што во рамките на територијата на општината излезе со еден мал процент повеќе со македонско население, на пример општината Маврово во која што живеат 52 или 53% македонско население, другото е албанско турско и др.

Сметам дека е многу корисно да ја напуштиме аргументацијата околу етничките состави и да не ја одржуваме тензијата како во која општина има македонци или албанци. Сите граѓани се во своите места каде што живееле. тие и понатаму таму ќе живеат. Многу е важно да ја изостриме аргументацијата поврзана со надлежностите на општините. Дали од становиште на она што се става како надлежност на општината таа општина е нормално обликувана и предложена или не е. Ништо друго.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван министре, не сме се разбрале. Моето барање беше да Гостивар во предлогот за донесување на законот беше без населени места за разлика од Прилеп, Битола, Штип и други градови кои што во тој предлог аз донесување на таа нацрт верзија беа застапени со тие населени места. Мојата заложба беше зошто сега во Гостивар се додаваат овие околни места. Дали еволуираат некои нови сознанија, дали сме дошле до некои нови аргументи и факти дека ова ќе претставува пофункционално, шореална реди на каде што граѓаните ќе можат да ги остваруваат своите интереси или не. Инаку, сето друго е многу релативно и од друга страна е многу провидно за да не се види

основната цел која била на овие измени и на пазарењата и договарањата. Тоа мора да го кажеме затоа што вие го дадовме господине министре овој предлог на 13 јуни 1996 година што ние го разгледувавме тука. Стои под позиција 19 Гостивар без населени места. Сега стои во позиција 22 Гостивар со овие 5 населени места каде што доминира и се приклучува албанско население. Тоа е факт. Вие самите се демантирате. Ние не викаме дека некого издвојуваме или сакаме да се издвои. Секој си останува таму каде што е. Зошто се придодава на Гостивар вештачки нешто, ако веќе еден поширок тим или повеќе институции дале свој прилог. Ова веќе е ваш§ конечен и конкретен предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пауза до 15,30 часот. (Пауза од 14,25 часот)

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го заклучив претресот по член 8 точка 22 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Ферид Мусовски, го повлече амандманот на член 8:став 1 точка 22.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 22 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП господинот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Се откажувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се откажувате.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Се работи за член 8 став 1 точка 22 поднесен од господинот Исмет Рамадани.

Ве молам бидете внимателни.

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 22, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е ист и се предлага Сушица, Симница, Горна Гоновица, Долна Гоновица, Митрои Крсти во должина од 30 километри или 20 километри да се приклучат кон Гостивар не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 за менување на точка 22, точка 27 и точка 28, поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник гласаше за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по член 8 став 1 точка 22 и точка 30 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави господин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, почитувани министри после оваа извонредна полемика меѓу господинот Вангелов и министерот Владо Поповски ризикувам да не бидам доволно сослушан меѓутоа, амандманот е поднесен и бара образложение. Притоа, ќе го искористам присуството на господинот министер и доколку грешам и не ја зборувам вистината да ме демантира. Имено, при изготвувањето на Нацрт законот за територијална поделба бевме на расправа во Министерството за правда на кој што беа присутни пратениците претставници на политичките партии меѓу кој и пратеникот Томислав Стојановски. Не случајно го спомнувам. Притоа, во нацртот беше евидентно дека 30-тина општини во Република Македонија, мислам градови, кон нив беа припоени околни населени места и упадливо беше што само две-три општини немаа припоени населени места кон нив. Притоа се поставија две можни претпоставки. Прво, дека структурата и распространетоста на тие населени места во овие 30 општини оневозможува реска граница помеѓу градот и само во три општини таа реска граница можно е да се подвлече. Меѓутоа, натамошните согледувања покажаа дека во овие три градски центри околните населени места, некои од околните места толку се проширија што дефакто се споија со градот и станаа приградски населби, така што и кај нив не можеше да се примени критериумот за реско одвојување од градот. Оваа не случајно го спомнувам поради тоа што овде постојат

одредени обиди етнички од критериум да се издигне на пиедестал на еден и единствен критериум, не обрнувајќи при тоа внимание дека согласно одредбите на Законот за локална самоуправа овој критериум воопшто не е ни спомнат. Ова не случајни го спомнав заради тоа што при тие спорни расправи беа спорни само две места во реонот на Гостивар и тоа селото Здуње и селото Дебреше. Според првобитната варијанта беше предвидено селото Здруње да се припои кон Долна Бањица како центар на новоформирана единица на локална самоуправа. Меѓутоа се увиде дека тоа е невозможно, бидејќи селаните од Здуње треба да преминат преку градот, па преку мостот и да се приклучат кон Долна Бањица. Потоа, се понуди варијантата да се испита можноста село Дебреше да стане центар на новоформирана единица на локална самоуправа кон која, освен неколку околни места, ќе биде приклучено и Здуње. Меѓутоа, и тоа не се реализира. Остана варијанта та селото Дебреше, кое што изричито инсистираше доколку не може да добие статус центар за новоформирана единица на локална самоуправа да се приклучи кон градот Гостивар. Од ова место оговорно тврдам дека село Дебреше е дефакто споено со градот, зошто последните куќи од Дебреше се наоѓаат во непосредна близина на куќите од Гостивар во местото што се вика Млаки и се на оддалеченост од 50 метри, само одвојува една угорница од патот. Веројатно министерот ќе ме демантира. Селото Здуње, зошто инсистирам да биде припоено кон Гоставар. Согласно со критериумот дека кон Гостивар се припоени Балин Дол, Мало Турчане, Чајле. Во тој реон во непосредна близина е Долна Бањица, меѓутоа доби статус на центар новоформирана единица на локална самоуправа и Дебреше. Од ова е исклучено селото Здруње и ќе се обидам да ми дозволи господинот Вангелов да се послужам со него термин, ќе употребам тврди аргументи.

VII/5

Аргумент број 1, селото Здуње е оддалечено од градот Густи- вар само преку патот кој што води кон Маврово односно Охрид. Се наоѓа од десната страна на тој пат, а Гостивар од левата страна.

Аргумент број 2 на атарот на селото Здуње речиси 60% од индустријата на град Гостивар, тука е фабриката ДЕКОМ, тука е СИЛИКА тука е еден погон на МАКПЕТРОЛ, тука се неколку приватни претпријатија

Аргумент број 3 - основците од село Здуње основното образование од петто до осмо одделение го продолжуваат во град Гостивар.

Аргумент број 4 - комплетната документација ја ваѓаат при службите во град Гостивар.

Аргумент број 5 - во тек е изградба на пречистелна станица за град Гостивар во село Здуње.

Аргумент број 6 - по својата мешана национална структура нема битно да го наруши етничкиот критериум на градот.

Аргумент број 7 - што селаните од село Здуње едногласно се решени и понатаму да гравитираат кон градот Гостивар. Наспроти тоа во разговорите со претставниците на Владата се нуди еден единствен контрааргумент дека доколку би се приклучило селото Здруње во тој случај би требало да се приклучат и селата Горно Јелавце, Долно Јеловце и Лешница. Со оглед на тоа дека некои колеги не ја познаваат добро географијата од овој реон само ќе кажам дека селото Горно Јеловце е воопшто ненаселено. Дефакто, и дека со пат е поврзано преку водостанот, пак со туцан камен со селото Вруток: Селото Долно Јеловце и селото Лешница имаат се на се две три фамилии, бидејќи грото од селаните се иселени во селото Здуње или во град Гостивар. Испаѓа дека доколку остане Здуње во состав на Вруток како центар на новоформирана единица на локална самоуправа, ќе биде поттик за ревитализација на селото Горно. и Долно Јеловце и Лешница или во обратна смисла доколку се издвои од таа целина дека тие населени, во

моментот ненаселени места, ќе останат вечно ненаселени. Мислам дека тој аргумент не држи и во интерес на желбата на селаните од село Здуње барам поддршка од парламентарците.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

За права информација, бидејќи една населба која е околу Гостивар, како што ги има од сите страни на Гостивар од сите села дојдени, се идентификува со селото Дебреше, што секако дека четири километри од Гостивар, а само на еден километар до Врапчиште. Самата населба Млаки тоа е едно предградие на Гостивар и тоа не е спорно дека ќе влезе во самата општина, село Дебреше и таа населба немаат ништо заедничко, освен што дел од селаните се иселиле и пречле подолу близу до градот, што колегата Хасипи сакаше да го прикаже дека тоа е исто село.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Јас се повикувам на одредбите од Законот за локална самоуправа кој што викаат вака дека границите на новоформираните општини ќе бидат катастарските граници на местата кои што влегуваат во состав. Доколку се гледаат катастарските граници на Дебреше, ќе се видат во чиј реон се тие новоизградени куќи, а го исклучувам Млаки. Млаки се во состав на катастарските граници на градот Гостивар, меѓутоа, од Млаките до последната куќа што е во реонот на катастарскиот реон во Дебреше има се на се 50-тина метри. Меѓутоа, тоа не е спорно. Спорна е една друга варијанта. Ние овде имаме и поплака од мештаните од село Дебреше. Со варијантата што е понудена дел од околу 80 куќи од село Дебреше тоа сакам да мојот колега Лазаревски да му пренесам кои што се на атарот кои што се во катастарскиот реон на село Зубовце, фактички добиваат статус дека припаѓаат на тој реон. И тие 80-тина куќи кои што ќе припаднат кон Врапчиште, останатиот дел од селото кон Гостивар. Тој е проблем кој што го забележале мештаните и сега

настанале одре дени проблеми меѓу самите мештани. Затоа јас реков дека границите се катастарските граници и се она што е вон тие граници веќе не е во состав на таа единица на локална самоуправа и тука нема потреба од никакво убедување.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Најбитен е еден факт кој е непобитен. Село Дебреше каде што сум јас роден беше во состав на Врапчишка општина и јас добивав стипендија. Според тоа, многу е важно пратениците да сфатат дека Дебреше секако припаѓа на новоформираната општина Врапчиште.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 22 точка 24, точка 27, точка 28, точка 95 и точка 98 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шашуриќ, Николина Трајановска, Слободан Даневски и Димитар Трпеновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришење на точка 23 и 24 и за додавање на точка 23 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, претставникот на Владата се се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предложениот амандман значи вклочување со предлогот за донесување на закон каде што беше предвидена на цел тој потег една општина со седиште во Врапчиште наместо предложените сегашни две. Никаква измена нема тоа е еден појас од Дебреше до границата на Градец со Тетово: Така беше предложено во Нацртот и практично мене ми беше поприфатлива таа варијанта и затоа го поднесов овој амандман. На тој начин би имале на некое чудо можност да имаме една општина помалку од предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Пратеникот Ферид Мусовски,го повлече амандманот на член 8 став 1 точка 24.

VII/9

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 25 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Едно кратко образложение. Се предлага Гари и Осој, пошто се свртени спрема Мијачијата нагоре да излезете на Бошков Мост да отидат на мелнички мост и да патуваат 25 километри до центарот во Жупа. Ако излегуваат на Бошков мост се 10 километри до Ростуше каде што целосно припаѓаат.

Второ, ваквиот амандман автоматски ги повлекува селата Могорче и селото Лазарополе да мораат да одат во центар Жупа. Други патишта нема.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Не знам што да кажам. Единствено со жалење можам да констатирам дека од страна на министерот се изнесуваат невистини. Можеме да одиме за доказ да го измериме патот, па да видиме дали е Ростуше поблизу до Дебар или Могарче е поблизу. Станува збор и за Дебар и за центар Жупа. Вие тврдите овде на говорница господине министре дека Ростуше е поблизу до Дебар. Многу ми е жал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Жалам што му е жал на господинот Ајдарага јасно е следното дека селата Могорче, Осој, Гари и Преку река Лазарополе од Дебарска жупа се издвоени со еден од сртовите на Стогово. Центар Жупа е една котлина Ова е со гарска река друга котлина или долина отворена према горна река односно спрема Ростуше. Дистанцата меѓу центар Жупа и Бошков мост или Могорче е 2 5 километри. А од Бошков мост до Ростуше

10 километри, до Дебар е 10 километри, меѓутоа, сите села припаѓаат во Мијачијата. Тука им се комуникациите, тука им се стопанските врски, тука им се историските врски, тука е желбата на населението. Селаните од Могорче со претставници од пет делегации од пред три дена ми рекоа дека невозможен е предлогот, кој што е грешка практично во владиниот предлог да се припојат кон центар Жупа затоа што ние бевме доведени во заблуда дека се изградил нов асвалтен пат кој што Могорче во внесувало во центар Жупа. Не е точно.

VIII/1.-ЈМ/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Стои оној пат што јас го знам и сум го пешачел, излегува на Гарски пат, покрај Гарска река излегува на Бошков мост. Што значи дека тие села се свртени и припаѓаат на целата таа група на села спрема Ростуше.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Гарчани и Осојчани за да испаднат да дојдат на Бошков мост треба истиот пат да го поминат за да дојдат и до Дебар и до Ростуше. Според тоа од Гари станува збор и од Осој за да дојдат на Бошков мост треба да го поминат истиот пат што би го поминале и за да одат во Дебар и за до Ростуше. Тоа не е спорно. А за да дојдат од Бошков мост до Дебар или до Ростуше треба за до Ростуше да поминат повеќе километри. Тврдам со глава.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Една многу симпатична грешка е направена. Бидејќи Гари за да дојде до Дебар, односно до Ростуше е исто растојание, а да дојде до точката до раскрсницата на Бошков мост поминува непозната должина, а лево и десно било различно. Тогаш како е можно да е исто од Гари до Ростуше и од Гари до Дебар ако е различно од Бошков мост до Дебар, односно од Бошков мост до Ростуше.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Добро, очигледно дека министерот сака да се изигра, нека се изигра, тоа е негово право. Меѓутоа јас тоа не го реков тој што кажа. Јас кажав дека по пат по кој што одат возила е потребно на Гарчани да го поминат истиот пат до Бошков мост за да дојдат до Дебар од Бошков мост до Дебар и обратно за да одат до Ростуше, до раскрсницата. Тука нема спорно и не знам зошто сега се коментира. Очигледно се знае

зошто. Намерата на министерот да повлече таму каде што цврсто застанал. Алал му вера, нека застане таму, тоа е негово право. Мое право е да кажам дека од раскрсницата Бошков мост до Дебар има се на се 9 км. Тоа може да се прочита. Да измериме до Ростуше колку има, 12 км и повеќе. Тврдам и можам да докажам ако е ова застанете, па јас ќе ги платам сите потребни трошоци да измериме и да видиме дали имам право или не. А ако министерот застанал тој тоа нека го прави. Меѓутоа фактите не се на негова страна, на моја страна се.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно сте оделе со различни превозни средства.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 25, 31 и 32, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага, Абдурауф Пруси, Сејфедин Харуни, Ризван Сулејмани, Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Абдурахман Алити, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот. Повторно е Могорче овде, Гари и Осој што го решивме.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас би молел телевизијата ако може малку нека покаже за да се види што се прави. Со овој амандман што сме го поднеле ништо не бараме, туку да си остане дебарска општина како што е таква. Останува

на старите граници, тие што ги определиле уште со стариот закон кој што е во сила. За колкава општина станува збор, кажав синоќа. Министерот не беше тука па ако не ги читал, или ако не му е пренесено нека знае дека околу 256 км2 со околу 26.700 жители. И сега тоа се дели. И замислеше што се прави. Еве јас имам овде карта нацртана, направена со боја да видите каква општина останува Дебар а тоа сигурно со намера министерот. Јас кажав синоќа, ќе повторам сега дека изгледа некоја аверзија има спрема Дебар, спрема нас Дебрани и користи начин, прави се само тоа да го направи. Дадено му е сега ги има и ножиците и правото и ножиците ги има, сега нека сече Меѓутоа, сигурно некој ден ќе му се осветИ, сигурно. Ќе му се освети на овој начин, нема друга освета. Ќе му се освети затоа што некој ќе плати за оваа работа, ќе плати бидејќи трошоци се во прашање. Лесно е да се прави општина, меѓутоа треба да се види кој ќе ги сноси трошоците. Дебар како Дебар, како цел сега нема, не е во состојба да ги покрие трошоците па ги покрива од Буџетот на Републиката, затоа што нема стопанство. Со на се две претпријатија работат во Дебар кои што денес добро работат. Имаме 5.000 невработени како општина. Од каде сега во Жупа ќе формираме општина па таму ќе ги покриеме трошоците? Со објектите кои што останаа незавршени, со тие на "Херој Тоза Драговиќ", со објектот на "Макпетрол или на некои други организации? Од таму не доаѓа профит. Како ќе направиме? Тоа е осветата господине претседателе, не друга освета, не сме дошле овде да правиме друга освета. Затоа треба да мислиме, да имаме малку во главата и да видиме што правиме. Јас мислам дека некој утре ќе одговара за ова, а на прво место ќе одговара министерот што предлага ваква работа, ќе одговара и Владата, односно тие членови на Влада што го поддржуваат ова. Еве фигуративно како изгледа Дебар. Дебар сега ќе остане помала општина од било која во Републиката. Еве,

овде е Дебар цела поранешна општина (покажува карта) сега еве што останува. А видете како се општините слично во Западна Македонија. Кажете ми каде има помала општина? Има некаде? Тоа се прави. Нека се прави. Право е на министерот и на Владата да си прават како што сакаат.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Изречени се тешки зборови кои што се на границата, а можеби од онаа страна на границата и неочекувано е. Инаку, иако незнам дали има место да кажам или не Дебар со неговата стара дебарска култура со резбарска, еснафска и слично ни е познат некаде повеќе од 200 години. Дебар со старите албански семејства и многу почитувани кои што знаеле да живеат и соработуваат со македонците од тој дел и историските форми на таа соработка ми се исто така историски познати и ги имам пишувано. Што значи Дебар во таа смисла е една светла точка од Република Македонија по својот културен придонес и по својот исто така политички придонес на сожителство повеќе отколку другите градови, на пример и од тие причини нема место да се укажува за некаков посебен или особено тенденциозен однос кон градот Дебар. Градот Дебар од територијалната поделба испаѓа како што вели господинот Ајдарага дека останува со најмала територија. Меѓутоа тоа значи дека градот Дебар прво како населба е помал од градот Гостивар, од градот Тетово, од градот Кичево, или од градот Струга. И од тие причини е и помал во својата територија.

Второ, ова што особено го возбуди господинот Ајдарага селата Гари, Осој, Тресонче и автоматски мора да се спомене Лазарополе бидејќи нема каде да оди, слегнува на гарскиот пат секогаш и тие и територијално и по експозицијата се свртени на Радика и нагоре. Точно е дека ако излезат на Бошков мост можат да одат во сите правци, можат

да одат во Дебар, можат да одат нагоре спрема Ростуше. И тука само да кажам дека барањето на граѓаните од тие села во документацијата на Министерството за правда која што можеме да ја извадиме и отпечатиме е да припаднат на општината Ростуше. Тоа е единственото мотив на Владата и на овој министер и затоа мислев дека навистина зборовите беа несфатливи.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

За да се исправи некоја грешка што е направена, намерна, или ненамерна, но повеќе по мене намерна ќе се користи демагогија па ќе се кажуваат и убави зборови за Дебар. Во случајот така се направи. Во никој случај не може да падне збор за ова што беше изречено тука од страна на министерот. Затоа што дали Гари денеска застана на тоа место и Осој, или и вчера беа на истото место Галичник, Лазарополе беа и вчера во Гостиварска општина и гравитираа си одеа по тој пат. Си одеа во Гостивар. Гари и Осој не станаа од вчера од предлогот на Владата се преместија од тоа место. На тоа место беа и порано. Меѓутоа одеа како општински центар им беше Дебар. Што сега? ќе продаваме памет дека Галичник, дека Лазарополе по тој пат. Точно е. И Тресонче, Тресонче не беше досега дебарско, по тој пат си оди, меѓутоа си беше на друга општина. Но, формално и му припаѓаат пак ако се гледа оној срт, оној кањон тука дека не можат да му припаѓаат на Мијачката, не можат Гари и Осој да му припаѓаат на Мијачката. Може да тврдиме сешто, меѓутоа ако го гледаме релјефот тоа не е вистина. Можеме сешто да зборуваме. Држи и овие микрофони можат да претрпат сешто да им се кажува, меѓутоа вистината не е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

VIII/6.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 26 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за внесување нова точка 27, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот ан член 8 став 1 точка 27, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 8 став 1 за бришење на точка 28, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 28, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 30, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 30, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 31 и 32, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за бришење на точка 32, поднесен од координаторот на Пратеничката група на ПДП, господинот Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

По овој повод сакам две реченици да кажам. Амандманот предлага да се брише центар Жупа како општина. И Владата и стручната група сметаше дека центар Жупа како географска целина и по другите параметри ги има сите услови да биде општина и една од класичните примери на општини како што е на пример Самоков, како што е на пример Богданци, Ново Село, Пехчево и други.

VIII/10.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Во немање на доволно аргументи односно никакви аргументи, министерот повторно се обиде да направи одбрана на тоа зошто не го прифаќа амандманот. Споредби со Богданци. Богданци за Дебар, не за Жупа е велесила. Богданци има индустрија.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Жупа нема никаква индустрија. Кај нас има три објекти кои сеуште не се вселени. Стојат празни, пропаѓаат. Нема никаква индустрија, нема никакво стопанство. И сега како може да се споредува со Богданци. Никако. Тоа е само за да се каже еве тек толку дека треба да биде. Ако станува збор за територија, може да се прави поделено. Меѓутоа, за услови дали има, во никој случај не може. Не може затоа што немаат луѓето од каде нешто да придонесат и само ќе биде товар на Буџетот на државата. Ништо друго нема. Еве нека ми кажат дека може еден денар да се заработи таму. Луѓето одат на печалба и само од печалба живеат. Само Дебрска општина имаме 5.000 невработени, за разлика од порано кога имавме вкупно 5.000 невработени. А 1.200 невработени. Сега ситуација е обратно. И да не е Италија каде што луѓето одат на работа, кај нас ќе владее голема беда. Дури не знам дали и социјалните фондови на Републиката ќе бидат доволни да ги подмират потребите на граѓаните таму. Во тоа е работата, инаку може територијално може да се подели.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Г-динот Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Уважени г-да пратеници, господине претседателе и минситри, би сакал да замолам за една важна работа. Ние имавме расправа околу изгледот на општина Богданци според новиот концепт на Владата и таа расправа заврши. Сите ќе се сложите дека таа општина не ги задоволи интересите на жителите од с.Богданци и натамошната употреба на тоа место за споредба за било што,особено во околности дека сепак

Владата не ги одобри барањата на месните жители, може да се протолкува и инсистирам на тој термин, како благ цинизам и да погоди некој револт од граѓаните за што молам да не се постапува така затоа што не е коректно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали уште некој сака збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 35 поднесен од пратеникот Наке Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 36 поднесен од пратеникот Наке Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ;**

Амандманот се прифаќа. И веднаш да се извинам за споредбата во која се користи општината Богданци, нема да се употребува натаму за користење бидејќи не беше присутна намерата за некаков цинизам.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Само една мала предрецизност. Г-динот минстер рече дека нема да се употребува за користење, а сметам дека треба да рече нема да се употребува за споредба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 37 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Има збор г-динот Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

5 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 40 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

И само да информирам дека амандманот содржи комплетна реконструкција на Кичевските општини на начин на кој ги предлага и разбира г-динот Сали Рамадани.

IX/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? /никој/

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Имам неколку верзии за Кичево низ овие или оваа реконструкција. Таа реконструкција за прават луѓето таму каде ниту со очи не погледнале, а јас доаѓам од тоа место каде барам реконструкција и реконструирање, дури и реновирање. Затоа оваа верзија ако не е по ред како што јас ги дадов амандманите, нека се одлучи Владата на време, затоа што има неколку верзии. Првата е, но да не излегувам за секоја можеби е единствена општина Кичево, овде како доаѓаат на ред, затоа што сметам дека мнозинството на граѓаните на Кичево така бараат, па ако треба ќе одат и на референдум, тоа значи и албанци се 56,6 и македонците за прв во малцинство 39 и нешто и тоа ќе беше прво ако е можно да ги доставиме овие амандмани затоа што има неколку верзии, 4-5 а јас нема да ги бранам сите, на првата верзија за која сметам дека така мисли цело Кичево може и да одиме таму. Можеби имало некоја месна заедница од Вранештница и Другово иако тука има некоја слика необјавено, има побарано или не, во оној рок што беше тогаш одреден, меѓутоа во овој дел , значи овие две општини кои што се основаат случајно каде што јас сум пратеник нема никакво барање. И мојот електорат граѓаните од Кичево албанците од прв ред, а сметам дека македонците не се за одвојување, не се, за она што го реков и не сакаат сепаратизам својата општина. Значи не бараат делење туку се за единствена општина. Тука се повторува она што беше кажано во првата фаза а и вчера дека во Жичево нема ниту минимални услови, барем засега за општина. Ако тоа е потребно според некој модел, според некој шаблон да се направи само општина заради општина тоа е друга работа.

Затоа ве молам Владата нека одлучи ако треба а велам дека граѓаните во Кичево бараат една единствена општина и сум уверен а и повеќепати су се изјаснил овде за нивните реагирања, има протести неколкупати, пред неколку месеци и сега во сите заедници и одборниците и селското население бараат една единствена општина.

Меѓутоа јас би се потрудил исто така најискрено да ви кажам, да го дадам својот придонес а граѓаните да не губат ништо макар да се направат општини по една друга верзија и една трета за една реконструкција па и за четири општини. Нема да ги бранам сите верзии, се знаат кои се, ако треба бре, но градот односно ниедно село до градот не сака да се издвои. Затоа одлучете како сакате, затоа што е многу тешко, не јас да претам, но кажувам дека ќе има реакции и натаму. Се знае како беше и вчера и затоа сакав да ве известам и дека во Кичево се многу одлучни и не знам дали јас како пратеник смеам да пристанам на онаа последна верзија туку сум ногу демографски расположен сакам да бидеме широки и да придонесам но и самиот министер на Вадата да ми помогне и мене ако треба. А јас сум исто така навистина ако треба еве цел ден да посветиме и да најдеме што е најдобро за сите. Граѓаните се определени. Може да се определиме за една структура таму и јас но граѓаните не. Тие велат бараме една единствена општина и нема што понатаму. Меѓутоа со аргументи јас имам некои верзии макар две да видиме за две општини зашто што се оди на повеќе е полошо. Јас овде ви гарантирам пред сите вас во Кичево никако, бре никако не оди, па како сакате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Со овој закон се утврдува формирањето на единици на локалните единици поврзувани со најнепотребните интереси кои што во Градот

Кичево во последните 35 години, ако воопшто оа помогнато е на многу ниско ниво и во таа мисла, дури и во аргументацијата на г-динот Сали Рамадани во првата верзија и претходно беше укажано дека немало никакви услови за општина во Осломеј, Зајас, и сл. на што тие целини на нас овде ќе се надеваат од градот во областа на урбанизацијата и комуналните проблеми, повторно од тој ист град ако е таква состојбата. Што значи дека се тргнува од претпоставка дека на самите граѓани во тие целини на населби со формирањето на општината сигурно дека ќе им се помогне во подобруваше на положбата на урбанизацијата и потребните комунални потреби, а прашањето на комуникациите и интересот со градот комплетно останува неизменет. Она што фактички се менува, се менува само тоа што тие целини сега ќе имаат сопствени совети на општините и сопствени градоначалници а нема како заеднички да го имаат единствениот совет односно градоначалник на градот Кичево. Тоа значи дека повеќе совети, повеќе градоначалници концентрирани на помал терен, сигурно дека можат да ги задоволат тие потреби и да врзуваат непосредно средства за својот развој од Републичките фондови и од сите други институции поврзани со развојот за неразвиените подрачја, ридско планинските погранични или други потреби.

Трето, тие исти институти ќе ги промовираат интересите на тие населени места кога станува збор за многу програми од развојот на индивидуалното стопанство, приватното стопанство итн. Дали едногласно до еден, до едно село северно од Кичево против создавањето на општината, исто така е прашање кое што треба да биде релативизирано. Во Министерството за правда имавме контакти, во ваков набој нема да ги идентификувам лица од МЗ Зајас каде што беа за општина.

IX/7.-

Еве го документот (покажува еден документ со подигната рака), телес со овие 5 печати, добиен на 7.09.1996 година во кој се вели: "Ние претставниците на месните заедници, одборниците од реонот на Србица, на заедничкиот состанок одржан на 7-09.1996 година ја разгледавме последната верзија на Владата во врска со територијалната поделба на општина Кичево. Во врска со таа проблематика изразуваме незадоволство за непочитувањето на волјата на нашето население изразено преку известијата. Поради изнесеното сметаме дека тоа незадоволство може да се ублажи доколку ќе прифатат нашите предлози, селата,. Црвици, Гарани, Стрелци, да се приклучат на едната општина Кичево,а седиштето на новата општина да не биде во Осломеј, туку да биде во с.Србица или Жубрино. Тоа значи дека во предлогот, имаат предлог две села да градитираат кон Кичево, но се за општина на тој дел на предложената од Влада општина Осломеј, со барање само седиштето на општината да биде внесено во односните села. Прашање е на определба каде тоа седиште најрационално е да биде. Сметавме и сметаме дека Осломеј е точка каде што сите населени места слегнуваат и се концентрираат кон него и во исто време се движат кон градот Кичево. Што значи дека не е до еден или до една месна заедница да е против.

И конечно последниот аспект, територијалната поделба на општини на РМ се врши во процедура на донесување на закон од страна на Парламентот, под условите утврдени со законот за локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Г-дине министре за прв пат ви се заблагодарувам навистина најсрдечно и се откри јајакот во Кичево каде се криел. Не е вината кај вас

искрено да ви кажам. Меѓутоа да ви кажам за вистината во Кичево, во Кичево врие кај старите комунисти сега на сегашни наводно новелирани со некој печат во раце сакаат да бидат градоначалници селски кој се полуписмени. Народот тоа го знае и глас нема да добие тој човек и знаат кој,е и вие го откривте. Токму, тој истиот човек засега се откри дека немал поднесено барање. Она што е службено признато и јавно, за јавноста се овие кои ги поднесе минатиот пат. Значи две известија и од едниот и од другиот дел, и од Зајас и од Осломеј, со потписите со одборниците и претседателите на месните заедници. Текстот е сличен и идентичен, само е посебно зашто е таква близината и така им одговара и во едното веќе име и презиме имаат сите поборници еве овде јас ќе прочитам некој (чита имиња што ни се разбираат) и 18 до 22 потписи но тоа се што ги проверивме се од претседателите на месните заедници .Слично е и за оној дел на Зајас. Овие денови, исто така, има и други потписи и мислам дека е поделено и последното писмо во Кичево, а тој имаше подлога и основа и самите одборници кои што се потпишани и овде има околу 30 со овие месни заедници.

Една работа да ви кажам се борат да бидат и оние кои не знаат што значи новиот градоначалник и ако нема некоја ингеренција, али е многу лоша функција, а секој не може да ја извршува. Значи овие од Кичево никако нема да добијат. И тие имаат некаков план, а јас ќе го дадам својот придонес и нема да ја изгубам за ова време оваа висока и почитувана пратеничка функција за еден селски, па било тоа и кичевски градоначалник. Тоа е смешно. Искрено да ви кажам од овие воопшто ако се бираат, али тешко, на крај во Кичево да ви е јасно, тројца градоначалници, едниот во градот а двајца во Зајас и Осломеј ќе си бидат албанци , двајца македонци што е нормално во ништо друго не се мешаат. Меѓутоа од овие што претендираат не може ни еден да биде. Не

да се фалам, но оној листи оној список што е добиен и оној потпис е фалсификуван. Тој што го напишал еве имам и еден друг потпис на претседателот на месната заедница. Тој беше вчера и пред Собранието, а можеби има и повеќе, и тој сега затоа сака да земе некое место, било и во Советот или градоначалник и сака да поднесе барање. Јас знак и еден друг случај имаше барање и до с.Тушин, тоа е село, изнад она село кое вели нема друго село после Осломеј, па Доленци и дојде кај мене зашто од Скопје имал некоја забелешка да пополни некој образец. И после тоа имаше барање, дојде кај мене да побара совет да го поучам да го повлече барањето или не. Јас се знае што му кажав зашто кога ќе си биде општина таму, тоа ќе повлече уште 10 такви барања за општини во Кичево. Добро е што се откри. Сега има материјал повеќе за Кичево, но пак ве молам за сите овие 4-5 верзии, определете се како сакате и пообјективно е еден мој амандман да се усвои, не мора сите зашто имам поднесено за други места уште 20 амандмани, да се прифати ако сакате да нема главоболки со Кичево, тоа сакав однапред да ви го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 40 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 42 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е поврзан со претходниот. не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 35 и точка 57 поднесен од пратеникот Ристо Маековски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. се работи за населените места Кочиште и Растоица кои се составен дел од општина Крушево и во нив живеат околу 90 жители тие се заедно со другите села од овој регион Пуста Река, Горно и Долно Дивљаци, Рилево претставуваат една географска економска целина.

Факт е дека тие се ридско планински села оддалечени се од Демир Хисар и Крушево исто и до Демир Хисар и до Крушево има асфалтен пат. со Предлогот на законот сега се ставаат во општина Демир Хисар, не знам од кои причини, можеби е желба и на тие жители таму, меѓутоа, мислам дека тие треба да си останат дел од општина Крушево, бидејќи во оваа општина се отпоодамна и немаме никакви проблеми со тие села. Во овие села можеби како население не е толку битно меѓутоа, се зема еден значаен дел од Крушево територија и шума и затоа мојот предлог е тие села да си останат, ако што беа во општина Крушево.

Х/3.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас чувствувам потреба и обврска при ваква ситуација да кажам дел од мислењето на граѓаните на овие две села. Во првата верзија за овие две села Растоица и Кочиште кои при досегашната административна поделба припаѓаа во општината Крушево беше направен предлог тие да си останат во истата општина.

Врз база на согледување на фактичката положба која одамна е изменета на овој регион , се застана на мислењето дека овие две села треба да припадна во општината Демир Хисар и проформа затоа што де факто одамна се тоа. Затоа што сите животни функции што се обавуваат во овие села практично се упатени пред се во општинскиот центар Демир Хисар, а после тоа општинскиот центар демир Хисар е поврзан со општината Крушево со регионалниот пат Демир Хисар -Крушево. Се работи фактички за две села кои се на изумирање со висока старосна структура на населението со број на жители од едното село по последниот попис во 1994 година 44, а другото населено место 20, или вкупно околу 64 жители што веројатно од тој период до денес е изменета таа бројка во негативна смисла, затоа што дел од нив се и починати, а раѓање одамна во тие села нема. Сообраќајната врска им е со асфалтен пат од 15 км. до општинскиот центар Демир Хисар од кој половина е локален пат, а половината од тие 7-8 км. се дел до регионалниот пат Битола- Кичево. на кој исто така е организирана единствената сообраќајна врска, за тие села кои директно поаѓаат од автобуската станица од Демир Хисар и со комуникација само до овие села за нивните потреби. Доставата на поштенските пратки исто така се врши од поштата во Демир Хисар, посебно наменски за овие две села и за други 4 села кои што се од општината Демир Хисар и сега припаѓаат таму, тоа се селото Радово, Ново Село и село Ракитница. Здравствената заштита целосно ја остваруваат во здравствениот дом Демир Хисар, посебно во

услови кога се работи за итни случаи за примарната здравствена заштита и онаа основната, а за повисоката здравствена заштита ја остваруваат во Медицинскиот центар во Битола. Ова го зборувам од причини што делот кој природно и територијално гравитира према градот Крушево, градот Крушево и населените места основната здравствена заштита ја обавуваат во Крушево, а повисоката здравствена заштита во Прилеп. Напојувањето со електрична енергија исто така е од далеководтo од демир Хисар и екипите за интервенција практично населението и граѓаните од овие две села се обраќаат до подрачната единица на јавното претпријатие "Електростопанство" од Демир Хисар која ја одржува трасата и електричната мрежа на реонот од овие две села. Ветеринарната заштита исто така ја остваруваат во Ветеринарната станица во Демир Хисар, затоа што тоа е природна податливост што денес не се случило тоа да го остварат во Крушево, затоа што и висинската разлика на овие две села помеѓу Демир Хисар е негде на 640 метри надморска висина, а овие се негде над 690 метри надморска висина, а Крушево е некаде над 1000 метри надморска висина и разликата на совладување на таа надморска висина преку комуникациските врски кои постојат меѓутоа точно е тоа дека постои локалниот пат преку Кочиште - Дивјаци, но кој фактички не функционира, поготово не функционира во зимските месеци кога е со снег.

Комуналните услуги што е факт исто така долго време ги остваруваат во Демир Хисар, особено при врнежите и падавини на снег кога општинското Собрание од Демир Хисар го чисти локалниот пат на релација Прилици, Ново Село, Ракитница и продолжува до село Растоица и Кочишта, често и на замолница од општинското Собрание Крушево,затоа што Крушево треба да совлада едно 30 км. друг пат да дојде на овие села евентуално да интервенира со чистење на патот.

X/5.-

Миграциските врски што биле од порано и кој се многу изразени се добар дел на територијата на општината Демир Хисар со која географски комуникациски комуницира со овие села, а исто така и во Битола и тие односи социјални кои се создавани, мажење, женеше се обавуваат на оваа територија и тие врски и понатаму си живеат. Дури и за тажни моменти верските услуги се пружаат од општината Демир Хисар од свештеното лице кое ја обавува таа работа на делот на таа територија кои припаѓаат во општината Демир Хисар. трговските набавки мелењето на жито, сточната храна, сето тоа се обавува на територијата во општина Демир Хисар и во мелницата во село Сладуево и село Слепче кои се дел од населените места од општина Демир Хисар. Постои актуелен проект кој е во извесна фаза на реализација и за телекомуникациска поврзаност со телефони на овој дел, затоа што на делот од овие села од Сапотница, нагоре горниот терен сега што се гради и од Демир Хисар постои проект за поврзување на овие села исто така и со телефонска комуникација во ПТТ единицата во Демир Хисар. Сегашната административна положба на овие две села на општината Крушево практично датира од една фактичка состојба која постоела пред 30 и повеќе години, од причини што Крушево бил гравитационен центар во тој период кога не биле развиени никакви сообраќани врски и Демир Хисар како општински центар не постоел. Со создавањето на општинскиот центар Демир Хисар со развојот на патната инфраструктура на општината Демир Хисар практично целокупните потреби овие села ги свртуваат према овој административен општински центар и економско - општински центар за овој регион на селата. Тоа е фактичката состојба, не се работи ни за територијални аспирации, со оглед дека се работи за села кои едното има 12$м^2$ со својата површина другото 8км, вкупно 20, што вкупно за територијата на општината Крушево ниту во територија ниту во демографска смисла ниту за општината Демир Хисар би значело

позитивен факт, ниту во демографска ниту во територијална смисла, единствено прашањето е волјата и желбата на овие стари луѓе само има двајца кои се испод 42 години. И на овие луѓе со повисока старосна структура да им се овозможи подобро да го преживеат останатиот дел од својот живот и евентуално на стари години да не се измачуваат да ги остваруваат своите потреби преку планини да одат во градот Крушево. Тоа е фактичката состојба и молбата која треба да се изнесе овде пред пратениците и јас се надевам дека таа фактичка состојба овој парламент ќе ја валоризира и дека нема да биде прифатен амандманот од колегата Ристо Марковски. Јас ја разбирам положбата на пратениците, го разбирам и колегата Ристо Марковски, но мислам дека во основа треба да се почитува волјата на граѓаните кои формално ја имаат изразено и се имаат потпишано сите вкупно 44 од село Кочиште и 20 од село Растоица и доставено е до министерот Владо Поповски, а лично имаа средба и со министерот Јорго Шундовски, каде што дефакто беа убедени за каква положба се работи. Јас се надевам дека овој парламент ќе го почитува тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,на член 8 точка 35, 57.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 45-а и на точка 46 поднесен од пратеникот Љупчо Беличев.

Напоменувам дека се работи за амандман што денес е поднесен со кој е повлечен амандманот поднесен амандманот на истиот член од 4 септември 1996 година.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Господине претседатетеле , господа минситри, почитувани колеги пратеници.

Што се однесува до определувањето на подрачјето на единците на локалната самоуправа во општина Кочани со Предлог законот се предлагаат формирање на три нови единици на локална самоуправа и тоа Оризари, Облешево и Зрновци, што според мое мислење е прифатливо решение и е во интересна граѓаните од ова подрачје . Во таа смила овој закон има позитивен приод кон интересот и желбите на граѓаните од ова подрачје. Сепак и покрај чувството на оваа моја оценка, стои мојата констатација за одредена неправда направена на граѓаните од одредено подрачје, а тоа е населеното место Чешиново, Соколарци, Лепопелци, Жиганци и Врбица да имаат своја посебна единица на локалната самоуправа со седиште во Чешиново, каде според мое мислење, доколку тоа се овозможи дојде до едно поквалитетно разрешување на присутните комунални и други проблеми, како и поквалитетно исполнување на основните животни потреби на граѓаните од ова подрачје, што мислам е интенција и на овој закон и општа констатација и таков приод има и на законот за локална самоуправа.

X/8.-

Мојот амандман има за цел оваа неправда да се отстрани со формирање на нова единица на локална самоуправа во населеното место Чешиново со придружба на населените места Лепопелци, Врбица, Соколарци и Жиганци. Ова го предлагам од следните причини. Населеното место Чишиново е урбанизирано кое е центар на населените места Жиганци, Лепопелци, Врбица и Соколарци и истата е поврзана со асфалтни патишта со овие наведени места. Чешиново е урбана населба која има добра инфраструктура, асфалтирани улици, канализациона мрежа, пошта, здравствена амбуланта, аптека, накратко речено населба во која се задоволени сите основни потреби аз живеење на граѓаните од овие населени места. Исто така во оваа населба постојат и работат неколку претпријатија кој обезбедуваат вработување на околу 500 работника. Понатаму би сакал да потенцирам дека оваа населба заедно со останатите населени места брои околу 5 илјади жители и ги исполнува сите услови согласно законот за локална самоуправа да биде формирана нова единица на локална самоуправа. Воедно сакам да напоменам, што е посебно значајно дека иницијативата населбата Чешиново да биде општина е прифатена и од граѓаните на сите овие наведени места и во таа смисла ги молам. колегите пратеници да го прифатат овој амандман, со што мислам дека позитивно ќе одговорите на интересите и желбите на граѓаните од ова подрачје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (36 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има збор г-дин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Господине претседателе, се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници? (има)

Го молам секретарот да помине на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(прилог список)

XI/2

# СПИСОК

## на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | за |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | за |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | за |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | за |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | за |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | не е тука |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | за |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | за |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | за |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | воздржан |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | за |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | за |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | воздржан |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | не е тука |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | не е тука |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | против |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАЊ ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | не е тука |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | не е тука |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | воздржан |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | за |
| 51. РИСТО МАСЕВ | за |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | за |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | за |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | не е тука |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | за |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | не е тука |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 78. НИКОЛА-Г-ПОПОВСКИ | за |
| 79. НИКОЛА-Р-ПОПОВСКИ | за |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | воздржан |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | воздржан |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | за |
| 85. НАНОРУЖИН | за |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | не е тука |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | за |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | за |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 92. НАЌЕ СТО ЈАНОВСКИ | за |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | за |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | не е тука |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | воздржан |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 111.СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | за |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | воздржан |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | за |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека гласаа 69 пратеници.

Од нив за амандманот гласаа 55 пратеници, против гласаа 2 пратеници а воздржани беа 12.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 48 на точка 34 поднесен од пратеникот Љупчо Беличев.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 52 и точка 53 поднесен од пратениците Благоја Стојковски, Персида Малинска, Александар Ивановски, Слободан Богдановски, Бранко Арсовски и Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 52 и 53 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазарев, Бранко Арсовски и Мирко Пецев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е ист со претходниот, што значи фактички е прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и точка 55 и 56 поднесен од пратеникот Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 57 поднесен од Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 58 поднесен од Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи е врзан со претходниот и овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 58 и точка 68 поднесен од пратениците Ристо Марковски, Живко Јанкуловски, Мирко Иванов, Ферид Мусовски и Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, должност и обврска ми е да го бранам овој амандман бидејќи неколку пати беа жителите на с. Подвис кај мене.

Селото Подвис во предлогот за донесување на закон за територијална поделба беше предвидено да биде во с. Кривогаштани а сега, со Предлогот на законот се предвидува да биде во новоформираната општина Житоше. Желбата е , до колку се почитува, а би требало да се почитува желбата на овие жители, тие и порано биле во општина Кривогаштани во онаа стара општина. Оддалеченоста и од едната и од другата општина е иста. Категорични се дека не сакаат да одат во општина Житоше кога неможе да бидат во општина Крушево, сакаат да бидат во општина Кривогаштани.

Затоа го поднесов овој амандман и молам за поддршка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 61 поднесен од пратениците Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски и Јане Ангеловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 61 и точка 63 поднесен од пратениците Марјан Котлар и Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Фактички амандманот е прифатен бидејќи претходниот е поконкретен и овој се содржи во него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 61 и 63 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој амандман од Социјалистичката партија фактички е прифатен во поопширниот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 63 поднесен од пратениците Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски и Јане Ангелоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 65 поднесен од пратениците Димче Настоски, Рубинчо Белчевски и Јордан Божиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 65 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот фактички е прифатен со претходниот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 66 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 67 поднесен од пратениците Димче Настевски, Рубинчо Белчевски и Јордан Божиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е содржан и фактички прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 68 и точка 65 поднесен од пратеникот Петар Талинџиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој амандман фактички е прифатен во претходниот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 68 поднесен од пратениците Димче Настоски, Рубинчо Белчески и Јордан Божиновски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 68 поднесен од пратеникот Петар Талимџиоски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збое? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за молам да крене рака.

8 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 68 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

XII/2

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Фактички е прифатен и овој амандман со претходниот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 74 и точка 82 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Г-динот Туше Гошев ваша грешка е, во член 8 став 1 точка 74 вие Градско - Балдовци сакате во Радовиш да припадне.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И точка 82.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Ако. Нека го прочита, нека види. Градско - Балдовци сакате према Струмица, а пишувате во членот према Радовиш.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во член 78 треба да стои, не член 74,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, тоа е на крај.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 74 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да соопштам во врска со Ореовица беа споменувани и други места со свои катастарски единици, а тука е споменато само Ореовица. Следи амандман кој што го содржи Ореовица и сите тие места, па тогаш ќе го прифатиме.

Има амандман кој што го содржи барањето Ореовица и тие 2 или 3 други места да припаднат кон Радовиш. Вие го имате само Ореовица, а другите што ги споменавте во една од претходните дискусии ги нема.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Тие се во општина Радовиш.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тогаш се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 75 и за додавање нова точка 75-а, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Напоменувам дека се работи за амандман што денес е поднесен со кој е повлечен амандманот поднесен на истиот член на 11 септември 1996 година.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Би се задржал малку да објаснам што очигледно е во амандманот сега што го делиме е преполовен по бројот на населените места од амандманот што г-динот Кире Видимче го имаше поднесено за формирање на општина Љубојно, а образложението воопшто не е променето.

По првиот амандман што е повлечен се предлагаше општина Љубојно со населените места Брајчино, Долно Дупени, Наколоце, Штрбово, Крани, Арбати и Сливница. Тие населени места и границите нас тие населени места се висинските граници на општината Љубојно тогаш кога таа постоеше. И тоа ако беше амандман јас ќе го прифатев бидејќи потекнувам од тоа место, никогаш општината Љубојно не била скусена и во рамките само на Брајчино, Долно Дупени, Наколец и Штрбово, што значи дека мотивот на пратеникот да го повлече она што е единствено можно и природно и да го поднесе овој мотив е срачунат со причини надвор од критериумите на локалната самоуправа. Очигледно има некои политички причини што вака го става и го врамува овој предлог кој што веројатно ќе предизвика и револт во тој крај. Од тие причини овој амандман не можам да го прифатам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 7 8 и точка 82 поднесен од пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиев и Борис Павлов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Имам информација од г-динот Трајков дека овој амандман е повлечен и дека има друг амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, има исправка на овој амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот со исправката, тоа значи дека населените места Раборци, останува во општината Куклиш, а другите Попчево, Белотино и Рич одат во општина Струмица, го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 78 и точка 80, поднесен од пратениците Борис Павлов, Драган Георгиев и Ристо Трајков.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 79, точка 81 за додавање на нова точка 81-а поднесен од пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков, Ристо Масев и Туше Гошев.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во членовите 12 и 13 од Законот за локалната самоуправа се наброени критериумите кои што треба да ги исполнува едно населено место за да се стекне со статусот на општина. На тоа ќе го додадам и образложението од Законот за територијална поделба, кое што денес го разгледуваме и во кое што е кажано дека за една населба за исполнува услови за да се стекне со статус за нова општина треба да претставува "социо - урбана, географска и економски поврзана целина на граѓаните од тоа подрачје. Населените места меѓусебно да се поврзани со комуникации, бројот на жителите, организираноста на заедничките служби од непосреден интерес за животот на граѓаните, заштитата на животната средина, урбанистичкиот, комуналниот, како и за развојот на социјалните, здравствените, претшколските и други потреби и интереси на граѓаните". Токму поради овие критериуми кои што се дадени во Законот, Месната заедница од с.Турново има поднесено свое бараше за стекнување со статус на нова општина заедно со населените места Секирник, Штука, Иловица, Радово и Бориево.

Мотивите за поднесување на ова барање се токму од условите кои што ова населено место ги исполнува почнувајќи од водоводна мрежа, ПТТ мрежа, училишна мрежа, бројот на населението, територија и сите оние други услови кои што пред малку ги прочитам, а кои што Законот им дава за право. Сметам дека сите овие критериуми се исполнети, а на

сето тоа треба да се додаде и согласноста на сите овие 6 населени места кои што ја имаат поткрепено и со ургенција која што благовремено беше доставена до овој Парламент, но исто така и на работната група и Министерството за правда. Сите овие населени места подоцна имаат одржано собир на граѓани и согласност од овој собир на граѓани за формирање на нова општина со седиште во Турново, токму поради тоа што ова населено место претставува социо - урбана природна географска и економска целина. осврне тоа сите овие населени места гравитираат околу ова населено место и сите инфраструктури објекти како административни и економски ги исполнува и сите овие населени места првото нивно излегување е преку населеното место Турново. Токму поради сите овие причини сметам дека ова населено место ги исполнува условите и би требало да се стекне со стекнување на статус на нова општина.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој предлог Министерството го имаше од поодамна и инсистирањето на г-динот пратеник е континуирано. Аргументите ги соопшти во неговиот исказ.

Населеното место во Турново се наоѓа на 2 км. и 800 од населеното место Босилово кое што е речиси дупло поголемо и секогаш било центар. На патот кон Ново Село нешто назад полу десно од населеното место Босилово на 3,5 км. се наоѓа населеното место Муртино кое што е предлог за општина. Несфатливо е, неможно е, надвор од сите критериуми да може во еден триаголник од критичната точка 2, или 2.800 или 3 км. во еден правец, 3 км. во друг правец да има 3 општини. Односно да има седишта на 3 општини. Аргументацијата

дека има населени места дека има простор функционира. За секоја предложена општина помножена со 2 или со 3, во секоја општина можат да се најдат 5 или 6 села кои што би сакале во едно од тие 5 или 6 села да има центар на општина. Така можеме да предложиме 250 или ако сакате 350 општини. Не е никако оправдано, ниту од становиштето на функциите на локалната самоуправа во смисла на организацијата на просторот, комуналните потреби кои што можат да бидат заеднички на населени места со такво растојание и кои што Турново се наоѓа во ваквиот триаголник на средината скоро речиси до големото Струмичко Ново Село. Сметам дека навистина нема објективни резултати, а образложението простор, население, населби, желба на граѓани можеме да најдеме навистина варијанта за над 300 општини. Не се прифаќа апсолутно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Г-дин Драган Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Мислам дека нема да се спориме со г-динот министер, бидејќи ние се убедувавме, аргументите и едната и другата страна да ги предочиме пред себе, но не успеавме да се убедиме, меѓутоа, само би сакал во оваа ситуација да допрецизиран некои работи.

Сето она што беше кажано, сепак би кажал дека Турново е оддалечено од Босилово 4 км., јас живеам меѓу ова население, што секако не треба да влијае при изјаснувањето на пратениците и при давањето за нова општина, меѓутоа Турново е оддалечено 4 км. од Босилово, а е оддалечено 11 км. од Ново Село. Турново и Муртино

немаат мислам дека немаат никакви допирни точки, од овој аспект не би требало да биде аргумент, а сега дали сите овие 3 гравитираат кон некое подрачје тоа е работа на науката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене раска.

12 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 79 и 83 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа, меѓутоа има поконкретен, со Габрово и Борисово плус овие две села.

Се прифаќа бидејќи предлагачите го прифаќаат проширувањето

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 80 поднесен од пратениците Драган Георгиев и Ристо Трајков.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 80 и точка 72 поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа го прифативме. Тоа е со зборот "Кукушлија" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "Дукатино и Радичево" Точка 72 се бришат зборовите "Дукатино и Радичево".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 81 и точка 78 поднесен од пратениците Борис Павлов, Драган Георгиев и Ристо Трајков.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**РИСТО ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Мене не ми е јасно зошто не се прифаќа овој амандман. Ако кажеме дека скоро сите приградски населби на градот Струмица се прифатени во општина Струмица. Тоа е случајот со Старо Балдовци, тоа е случајот со Добрејци а Дабиле е само на 3 км. од Струмица. Од нив имате и писмено барање, имате протесна телеграма, кај мене биле можеби повеќе од 20 пати делегации и јас мислам дека навистина не е во ред оваа населба да не припадне на Струмица затоа што тоа е првата населба до Струмица према Бугарска граница, Веројатно сте поминале

таму и навистина нема никаква причина населбата да не припадне на Струмица, затоа што скоро сите свои работи населението од таа месна заедница ги обавува во градот Струмица.

Уште еднаш јас молам пратениците да го прифатат овој амандман, а можам да ви кажам дека во првичните разговори и од министерот беше прифатено и сега навистина не ми е јасно зошто не се прифаќа ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи ме повикува на тој начин, не ме потсетува на некој разговор, првата информација беше дека Дабиле се наоѓа на 2 до 3 километри до Струмица и дека е исто оддалечено или подалеку од Босилово на 2 до 3 километри е до Босилово, на 5 километри, а од центар до центар на 6 километри далеку од Струмица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Можеме да спориме дали е 4 или 5 или 6 километри но да ви кажам искрено по сите критериуми Дабила треба да припадне под Струмица, а сега останува на пратениците дали ќе ја прифатат оваа моја сугестија или не, или сите приградски населби што се на два или три километри или четири оддалечени од Струмица, се прифатени да бидат во општина Струмица. Населението инсистира Дабила да оди во општина Струмица а не да се оди кон Босилово. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Имајќи ја во предвид убедливоста на господинот Павлов а и истапувајќи ги барањата на граѓаните од село Дабиле, пратеничката група на Либералната партија го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа ќе видиме сега при гласањето.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес.

Процедурално има господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Деловнички го користам правото да кажам зошто гласам за. Тоа е аргумент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа напред требаше господине Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

После тоа треба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, пред тоа.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Добро, благодарам ако мојата дискусија придонесе за...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие таква грешка како претседател на Комисијата за деловнички прашања не смеете да правите.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас мислам дека е ваша грешка господине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 83 и точка 79 поднесен од пратеникот Драган Георгиев.

Господин Поповски бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став1 точка84 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Господин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака:

8 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 84 за бришење на точка 85 на точка 86 и на точка 87 поднесен од пратени кот Стојче Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 86 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака:

8 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 84 за додавање нова точка 84-а за менување на точка 85 на точка 88, и на точка 90 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Го повлекуваме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Трпеновски, го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 89 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадан

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 91 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/5

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, има владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Владиниот амандман сигурно дека е содржан и овој амандман но ако овој амандман е во ред, зошто да не се прифати и дека претставуваат една поддршка еден со друг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка став 1 точка 91 поднесен од пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипуновски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој амандман не е содржан во покомплетен владин амандман и не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Деловничка интервенција господин Србиновски.

Дали го повлекувате амандманот?

Го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 91 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 91 и за бришење на точка 92 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 точка 91.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 91 и 92 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, содржан е во покомплетен владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Го повлекуваме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 91 и точка 92 и 94 поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Молам, претставникот ан Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е исто барање и не се прифаќа од исти причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 91 и точка 98, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 92 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Господин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за бришење на точката 92 и 93 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 93 и точка 100 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Господин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Нели се работи за членот 8 став 1 точка 93 и точка 100. Дали е точка 100 посебно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во членот 8 точка 100 после зборот "Орашче" се додаваат зборовите: "Одри и Нераште".

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас мислам дека и вчера кажавме нешто за ова меѓутоа гледа дека министерот нема желба да го прифати, иако не го руши концептот таа единица на локалната самоуправа. Јас мислам дека аргументите ги дадов синоќа, а јас не треба да ги повторувам, меѓутоа мислам дека е неприродно и неприфатливо да се предлага за селата Нераште, Одри да одат во Теарце. Аргументи дадов дека Теарце се преоптоварува, а Вратница останува со 6000 жители. Ве молам штом не го руши, јас мислам дека треба да се прифати и да биде прифатливо. Има и други аргументи. Како прво има и реагирање од страна на жителите на село Нераште и село Одри,па треба и предлогот и реагирањата на граѓаните се вредни за почитување. Мислам дека село Нераште и село Одри се наоѓаат во непосредна близина до новоформираната општина Вратница каде далечината е само 1 километар. Затоа, Одри и Нераште една мошне тесна поврзана заедница. Имаат современи патишта кои ги поврзува овие села помеѓу себе со Вратница и со инфраструктура, со сообраќајот имаат заедничка пошта, имаат администрација и други работи. Имаат заеднички природни извори, вода за пиење, вода за

наводнување и тн. Мислам дека ако не руши нешто, треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандинот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 94 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Господин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман предвидува селото Мала Речица и населбата кои што и во првата фаза бараа општина, да бидат приклучени кон новоформираната општина Голема Речица во непосредна близина, при што морам да изнесам некој контра аргументи, контра факти кој што министерот ги изнесуваше и вчера и завчера при настапот на македонската телевизија. Министерот рече дека Мала Речица, оној дел од Тетово преку кој што поминуваме за да одиме на Попова Шапка. (господинот Стојановски од говорницата покажува карта). Ова вие Тетово господо, река Пена ја гледате убаво и на оваа карта ќе ја видите уште поубаво река Пена. Ова е жичарата, ова е познатиот комплекс Арабати баба теќ кој што сигурно секој од вас го посетил. За Попова Шапка се оди покрај жичарницата, која што нема врска со Мала Речица и припаѓа во населбата и Месната заедница Теќе и Горна Чаршија.

Мала Речица има два дела. Едниот дел е цела Мала Речица. Другиот дел е населба Мала Речица, кои што се издвојуваат со

новоформирана улица "108" и претставуваат еден појас, кој што е оддалечен од овој пат за Попова Шапка 2 километри.

Второ, министерот при сето говорење вчера на неколку пати при своите интервенции подвлекуваше дека овој дел од градот, што не вистина, затоа што претставува еден дел, другиот дел е селска населба Мала Речица, преку кои што фактите изнесуваше заедничка инфраструктура што значи електро енергетика, водовод, канализација и слично, што е сосема точно. Меѓутоа, со оваа територијална поделба веројатно ние од употреба струјомерите водомерите нема да ги исклучиме. Тие ќе си останат. Впрочем министерот кажа дека јавните претпријатија остануваат како меѓуопштински јавни претпријатија ама тоа да биде причина да се прилепува кон Тетово населба со 7000 жители, а сега веќе има владин амандман каде се анулира новата општина Голема Речица за да и Голема Речица се приклучи кон Тетово со уште 4000 жители. Која е причината, кој е мотивот да во последен момент и покрај се ова што беше изнесувано како аргументи, се прави и една ваква промена не можам да го оквалификувам поинаку, отколку како една провокација, еден предизвик и обид да се дисциплинирани тие кои што мислеле малку поинаку. Затоа што во ниедна варијанта немаше таков предлог, ниту во првата ниту оваа конечната. Значи, ова веќе ние прејдовме вечерва во некоја трета фаза на овој закон, веројатно од причини познати само на предлагачот и за што ние не сме правовремено информирани, а треба на некој начин сето ова да го легализираме. Овие аргументи само ги зацврстуваат изнесените претходниве денови дека во Тетово се прават семожни прекројувања, манипулации и калкулации, но мора да ги изнесе овие податоци, за ништо друго, барем да ја кажеме вистината кој локалитет е што во Тетово, каде се наоѓа кои се комуникациите. Инаку, евидентно е дека тука ништо особено неможе да се направи и само малку да ја релаксираме оваа атмосфера, бидејќи

успеавте денеска со многу важи дискусии за некои населби, да не ги спомнувам да не ми;>.биде реплицирано, многу важно, многу суштински, дали ќе биде ваму или онаму, за да практично го одвлечеме вниманието од она што е најсуштинското во овој законски проект.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Притоа, малку за релаксација ќе ми дозволите само уште две - три минути. Имав една покојна баба се разбира многу итра и ние како деца кога ќе направевме некои несташници и кога ќе земевме повеќе јаболка и круши од она што е дозволено ќе ниречеше: еј деца не ви замерам што сте направиле, не ви замерувам и што ме лажете, но ви замерувам што мислите дека ви верувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 94, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 95, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

XIV/2.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Станува збор за амандман, сакам да влезам во дискусија и анализа во кој се предлага селото Гргурница да се брише од општината Брвеница и да се приклучи кон општината Желино. Во основниот владин амандман односно текст селото Гргурница беше распоредено во општината Желино. Бевме информирани дека Гргурница нема пат спрема Седларево, спрема Корито и спрема Групчин и дека патот што е направен на ниво на макадн слегнува преку Стенче и на тој начин правецот води во Брвеница и дека тоа е единствената сообраќајница. Новите информации се следните дека тој пат поради осојноста и успонот од Гргурница до Стенче два до три месеци во зимата е прекинат, а дека од другата страна од таму каде што Владата претпоставуваше според карти дека има пат. Информирани сме дека до Седларево на 5 км од Гргурница на присојната и порамна страна каде што и нема успони, или слегнувања остри слегнувања, се наоѓа асфалтиран пат, а дека од Седларево до Гргурница петте километри е макадн пат. Да не кажувам дека било во план да се асфалтира, или не. Тогаш значи имаме една ваква ситуација. На пет километри од Седларево асфалтен пат после макадн пат, а кон правецот на Стенче и Гргурница макадн пат со тие карактеристики што ги опишав. Од тие причини ако има деловничка можност да се продискутира па да се искаже ако се овие факти точни ние го прифаќаме во тој случај овој амандман.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас навистина незнам дали предлагачот некогаш бил во Гргурница. Јас за себе тврдам дека сум бил повеќе од 10 пати. Секогаш сум патувал од Тетово во Стенче и во Гргурница, секогаш. Заправо, тоа е планински пат од Гргурница до Седларево околу 5 км што е сосема точно.

XIV/3.-

Граѓанинот од Гргурница треба да појде прво во Седларево да појде Луковица, Мерово и да слезе на автопатот во Групчин 17 км. оддалечен од Тетово, односно 12, или 11 до Желино. Овој пат треба да го направи за да стигне во Желино. Додека од Гргурница директно се слегува и секогаш се слегувало во Стенче. И потоа по патот се излегува или во Жеровјани или било каде. Инаку, воопшто нема никаква пречка Гргурница да биде и во Желино, меѓутоа ако целта на законот е на граѓанинот да му го олесни животот логиката е на страна да Гргурница биде во новоформираната општина дали се вика Брвеница, или Челопек и не знам што, но во секој случај таму каде што е и селото Стенче. Никаде на друго место. Се е другото надвор од логиката. Зборувајте дека е ова сосема вака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Министерот рече доколку е точен податокот за оддалеченоста, Владата го прифаќа и требаше да провери некои податоци.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ако има асфалтиран пат до Седларево на 5 километри како што е кажано патот од Гргурница не оди до Луковица бидејќи Луковица е десно и преку ридот, туку продолжува директно или до Ларце, или до Мерово и излегува по асфалтен пат на регионалниот пат кај Групчин точно. Растојанието по овој патен правец не го знам, а растојанието според картата од Седларево преку Стенче па понатаму било на Радиовце, не тогаш Камењане би излегол, меѓутоа на Милетино, Челопек па долу до Седларце, или Брвеница според картата не е поблизок.

XIV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа Владата го прифаќа амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Според тоа Владата би го прифатила амандманот.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Не се работи за ништо друго, граѓанинот од Гргурница мора да пројде во Брвеница да пројде во Тетово да дојде во Желино. На друг начин тој не може да помине таму. Ако е тоа целта повелете прифатете го. Не може затоа што нема пат. Од автопатот Тетово - Скопје кај Групчин, подоле од Групчин патот е асфалтиран до селото Мерово и точно до станот на некој си таму како го викаат кое што е 7,8 км пред Седларево, а од Седларево до Гргурница имате натамошни 5 км., но таму нема пат. Тоа е коњски пат. Патот што слегува од Гргурница во Стенче тоа е макадн пат. Ова е вистината. Прифатете како сакате. Тој народ и така живее во невозможни услови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, амандманот е прифатен.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ако е асфалтот до Мерово тогаш не се прифаќа амандманот. Ве молам, тие што поднесоа информација дека до Седларево нека повелат, нека демантираат. Дадена е противречна информација дека до Мерово, дека до Седларево е кошски пат и дека надолу нема асфалтиран пат до Мерово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е така тогаш зошто и Седларево не оди со Гргурница заедно во Брвеница. Ако и Седларево нема квалитетна комуникација од Групчин.

XIV/5.-

Ова е Гргурница, ова е Седларево. Според тоа ако патот преку Стенче добар дел од годината е во прекин овој макадански пат бил и ќе биде. Причина повеќе да се избориме да асфалт добие и Гргурница. Практично тоа е појасот Дервент познат историски природно и се. И мислам дека позгодно е за граѓаните од Гргурница да излезат на магистралниот пат Тетово - Скопје па да ги обавуваат работите на тој магистрален пат од Желино ако не во Скопје, отколку да го вртат целиот тетовски регион околу Дрвеница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да помогнам во ова што господинот Стојановски бара. Она што го рече Абдурахман Алити немам што повеќе да образложувам. А другарот што инсистира Томислав Стојановски тоа е воздушна линија. Ако можеме преку онаа линија што бара Стојановски тука ќе може. Гргурница слага во село Стенче и од Стенче доаѓа Радиовце и директно таму каде што е определена таа да биде утре во делот на таа локална самоуправа. Има право Стојановски само преку воздушна линија. На друг начин таму друга патека нема. Може козја патека да се најде.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Мислам дека е комуникациски господине министре работата чиста. Два пати е подалеку од Гргурница Тетово од онаа страна отколку од оваа страна. Има пат и луѓето тука слагаат. Мојот аргумент е следен. Граѓаните исто така се определија. Тие беа порано во Желино и видоа мака, заправо за таа комуникација и мислам дека е ова во ред.

Второ, сакам да кажам дека самиот факт популационата структура во самата општина не ја пореметува така. Така што и таа грижа сакам да ја симнам евентуално ако кај некого стои. Затоа молам да не се прифати амандманот.

XIV/6.-

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Немам причини да гледам поинаку ниту имам национално чувство, или наднационално, па сакам да направам, ваква или таква средина. Одговорно тврдам пред оваа говорница дека граѓаните од село Гргурница слегуваат во два правци. Едниот правец преку Седларево, Мерово, Церово, Желино и Тетово, другиот правец Гргурница, Седларево, Стенче, Валковија или Жеровјане. Двата правци се подеднакво исти.Овој што води од Стенче и Валковија за Седларево и Гргурница е макадн целиот од Стенче нагоре три месеци од ноември е под снег и не може, тоа го тврдат луѓето од електродистрибуција, а овој исто кој што е тежок меѓу Седларево и Гргурница во иста ситуација е и тој не прооден во одреден дел, но е полесно што после седларево до Желино стигнува по асфалтен пат, пат кој што поврзува два региони од Скопје спрема Западна Македонија. И одговорно тврдам од Желино до Седларево до првата куќа во Седларево има асфалт. И во таа работа да не се убедуваме. Не настојуваме да биде тоа во оној правец во кој сака некој да го покаже, затоа што Гргурница се наоѓа лево, секогаш комуницирала во поранешна општина Групчин, па во Желино месна канцеларија, а сега автоматски се префрла на другиот дел. Не сметам дека таму, еве ви кажувам и тоа дека 55% население од таа општина Брвеница е албанско, 42,8% македонци, 2,4% останати и тн. Не сакам ниту поправам, ниту рушам национална структура. Сметам за една сериозност и прифатливост.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Никогаш не се бавам со дезинформации. Повторувам асфалтиран пат до село Седларево нема. Ако се гради добро е да се гради, меѓутоа сега нема. Патот до Мерово до станот на Селман се вика местото, од тоа место до Седларево има цели 8 километри, додајте ги и тие што немаат

пат од Седларево до Гргурница што нема пат, тоа е планина, пасишта, тука нема пат, тука има коњски пат. И немам никаков интерес. Видете, тие се мои гласачи од Гргурница, немам никаков интерес да ги немам пак, меѓутоа верувајте дека им ја отежнуваме ситуацијата со прифаќањето на амандманот. Ништо повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Господинот Стојановски има процедурална забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали Владата конечно расчитува го прифаќа или не амандманот?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за амандманот, да крене рака? (23 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 95, поднесен од пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 95, поднесен од координаторот на Пратеничката група на ПДП, Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за менување на точка 95 и за додавање нова точка 95-а, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XV/1.-JJ/ЉР

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, министри и колеги, Овде се работи за следното - општината одредена под точка 95 се предлага да се подели во две општини. Тоа се две локциски средини едната во селата Челопек, Милетина, Блаце и Дрвеница и другото е со селата: Стенче, Воковија, Гургурница, Радивоце, Стеново за кое што пред малку расправавме. Тоа се навистина локациски места разделени една од друга и географски, а и инфраструирно. Овие села за кој што јас предлагам да бидат засебно и во центар во Жеровјани, бидејќи беа во поранешната општина Жеројание и сите се слеваа влезот кон Тетово и кон Жеровјане, сега излегуваат на Автопатот новоотворениот Тетово- Г остивар тоа беше една причина и втора што граѓаните на 8 јули 1996 година испратија барање и во тоа барање симпатично е што сите припадници на селата се определија за овој предлог за граѓанска иницијатива и мене ме замолија да го претворам во амандман, а симпатичноста на предлогот е и во тоа што се работи за две села со македонско население, а две со мешано и едно село албанско население. Тој консензус постигнат меѓу нив мене ме поттикна и симатично ми беше да предложам тие да претставуваат една целина и со население некаде 7-8 илјади. Исто толку жители би имале и селата што јас ги набројав што ќе останат во Дbackground Двеница. Мислам и во едниот и во другиот случај е воспоставена и една рамнотежа на жителите на овие две седишта доколку се прифати амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сепак останува фактот дека едно релативно мала општина по простор се цепи на две општини и се зголемува и бројот на општините и создаваме помали општини и сметам нема место да се прифати предлогот.

XV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,

Кој е замолам да крене рака.

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на точка 96 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани,.

Има збор г-динот Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Еве го Жеровјане како населено место на Боговиња овде а се предлагаше да биде седиште на друга општина. Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Изгледа настана неспоразум г-дине минстре, всушност ако првиот амандман не се прифати, Жровјане останува како што стои во точката 96.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Јас тоа го прецизирам дека селото Жеровјане останува како што е предложено во точката 96. Со тоа е постигнат договор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Договор е постигнат дека за општината Камењане наместо седиште да биде и населба Камењане да биде населбата Боговиње.

XV/3.-

Амандманот во таа смисла треба да гласи "се брише Камењане а се додава Боговише". А не редење на селата што не можеме да ги контролираме од кадае се позајмуваат села. Основниот владин текст функционира така во границите на општините треба да се поднесе амандман само за замена на Камењане со Боговиње.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Му благодарам на министерот и молам да ми се дозволи да го напишам амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа а новиот ќе дојде после и ќе го разгледуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за менување на точка 96 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 98 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Амандманот предвидува с.Саракино што е на влезот во Тетово сите го знаете од левата страна да се приклучи кон Тетово. Колку што

знам еднаш го прифативме амандманот и вие треба да ми понудите квалитетна квалификација а не ние овде да се надмудрувам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,

Молам кој е за нека крене рака. 38 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ве молам во амандманот се пворзува и прашањето на Гургурница и одново со овој амандман се врака во Желино, а пред малку Парламентот прифати Гурнурница поради комуникација да биде општина. Овде прашањето на Саракино, бидејќи тоа беше образложено до г.динот Стојановски од друг амандман и тој амандман следи и ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Овој амандман е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 98 поднесен од пратениците Јован Србиновски и Мирко Трипунвоски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот предлага с.Саракино да влезе во Тетово и бидејќи станува збор за селото што е до Тетово и овде се аргументите што ги изнесе г-динот Стојановски и со сите проценки амандманот се прифаќа.

XV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 101 поднесен од пратениците Јован Николов, Александар Ивановски, Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски, Благоја Стојковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор. (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот 8 став 1 точка 101, 102, 104 и 105 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандман 8 став 1 точка 102, 104,. и 105 поднесен од пратениците Јован Николоски, Љупчо Трајков и Пецо Трајановски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Фактички овој амандман е прифатен како и претходниот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 109 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

XV/6.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? 5 пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот Собранието не го прифати

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 109,110 и 119, поднесен од пратениците Никола Г. Поповски, Игнатија Богдановски и Зоре Темелковски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи има владин амандман кој што во таа смисла е посреден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Јас се извинувам ние го немаме добиено амандманот на Владата во овој момент, или да ни биде при рака, само сакам накерат да образложам. Во оваа фака додека одлучуваше за реконпонирање на општините, во општината Кисела Вода од каде што доаѓаме 4 пратеници кој го поднесуваме овој амандман, имаше повеќе варијанти околу кои поспорни беа статусот на населените места с. Срачево со нас. Драчево со повеќе варијанти, различно се однесувавме кон создавањето на општината. Конечно во овој закон нас. Драчево останува во .Кисела Вода а с. Драчево со поголем број населени места формира нова општина. Целта на амандманот е со оглед на бројноста на пратеничката група на СДС направивме согледуваа и голем број на

средби дојдовме до сознание дека не е соодветно селото и населбата Драчево не треба да се издвојат во посебни општини и од тие причини го поднесуваме амандманот со кој дефакто значи селото Драчево се приклучува кон скопската општина Кисела Вода а останатите села се остануваат во општината со ново име општина Студеничани. Селото Драчево влегува во Кисела Вода и би молел пратениците да го прифатат овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прифатливо е ова што г-динот Никола Поповски го соопшти, меѓутоа, тоа не е формулирано во овој амандман односно амандманот на г-динот Назми Маличи во член 8 точка 109 бидејќи тука се формираат повеќе општини Батинци, Студеничани има промена за Сопиште итн.

Следи амандман кој што е поцелосен и попрецизен во смисла на овие предлози кој што ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи овој амандман не се прифаќа

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Го повлекуваме со цел да го добиеме текстот на другиот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој е за овој амандман,

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само да објаснам,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, јас бев прецизен амандманот на член 8став 1 точка 109, 110 и 119 поднесен од пратениците Никола Поповски, Игнатиаја Богдановски и Зоре Темелковски. Амандманот на г-динот е на член 8 став 1 точка 109, 110, 112 и 119.

XV/8.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот на точка 109, 110, и 119 е на Назми Маличи кој што јас го држава врака и кој што слушнав дека е од Назуми Малики и предвидува Батинци, Студеничани, Сопиште, не беше прифатен и ако ен се однесуваше вашето соопштение на овој амандман а се однесува на амандманот на член 8 точка 109 за Драчево со населените места се заменува со зборовите "Студеничани" со населени места и "Валинград" се бришат, во точката 110 по зборот "Таор" се додава зборот "палиград", бидејќи станува збор за тоа дека Палиград може да биде практично само во Зелениково бидејќи таму има комуникација,а нема комуникација за Студеничани, затоа што слегува на Зелениково, од таа страна има пат а од оваа другата треба да се оди со кон> до Китка па да се приклучи на патот за Црвен Вода и да дојде навака. Овој амандман е поднесен од Никола Г. Поповски, Игнатие Богдановски и Зоре Темелковски и се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 109 за менување на точките 109, 110, 112 и точката 119 поднесен од пратеникот Назми Маличи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Има голем куп на предлози има можност да се погреши дека сме заморени. Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 109, 112 поднесен од пратениците Назми Маличи и Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК**

Со оглед на тоа што постојат бојни и слични амандман овој амандман поднесен од групата на Либералната партија и мене лично како пратеник сега ми е сосема сеедно дали амандманот ќе биде прифатен или не битно е што се покажа дека се почитува волја и потписите на 4.000 жители на населбата Драчево и селото. Амандманот се повлекува. Главно се почитува волјата на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 11 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Го повлекуваат).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за менување на точка 109, точка 112 и точка 119, поднесен од пратениците Назми Маљичи и Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Од исти причини како што ги кажав овој амандман се повлекува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 111 поднесен од пратеникот Илија Гоцевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Станува збор за предлог на нова општина Илинден со 9 или 10 населени места. Единствената; причина што не би го прифатил амандманот е зголемувањето на бројот на општините и не постоењето на посебна потреба за нова општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

XVI/2.-

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 111 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

**То**а е за Миладиновци кој може само на оваа страна да оди, а не за Петровец. Поради сообраќајниците се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 111-а поднесен од пратеникот Илија Гоцевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова е веќе прераспоред на општините Петровец и другите, па не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 111-а и на член 8 став 1 точка 18  поднесен од пратениците Исмет Рамадани.

XVI/3.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Исто се предлага формирање на нова општина Синѓелиќ со села што се наредени по патот. Без доволен простор и аргументација Владата ја разгледуваше алтернативата, но не го прифаќа овој предлог.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, господине министре, почитувани пратеници.

Денеска доста често се спомна и моето име со амандманите од пратеничката група, но бидејќи без хендикепиран со аргументи, затоа можеби сами видовте дека не излегувам на говорница. Меѓутоа,во овој случај се аргументите тука. Јаки се аргументите Синѓелиќ да биде општина. Затоа што принципот што беше и со законот кога беше во фаза ан донесување, беше и алтернатива, ако се сеќавате г-дине министре или Стајковци или Синѓелиќ. Во овој случај се растоварува општина Газ Баба со овие села, дури јас сум имал еден контакт со претседатели на месна заедници на овие села. И комуникациски и тоа што е географски и тоа што е да имаме помали општини, мислам дека сето тоа држи и сите овие се аргументи кои јас мислам дека треба да се прифати амандманот. Сега ќе одлучуваат пратениците, а сериозно, најсериозно уште еднаш немам што да молам, но овие се аргументи кои одат во прилог на тоа и да се прифати. Знам дека после тоа откога се обавени првобитните разговори како што треба да се разговара со населените места, јас морам да кажам иако не сакав тоа да го кажам, од овие сите населени места само две се со албанско население, а сите други се со македонско население. Еве само да Ви ги прочитам уште еднаш, значи се додаваат во Синѓелиќ Стајковци, Црешево, Булачани, Страчинци, Раштак, Мирковци, Инџиково и Винце. Само Синќелик и Страшинци се села со

мешано население, а сите овие се со македонско население. Откога е обавен разговорот со претседателите на овие месни заедници си ја прифатија. Меѓутоа како што знаеме ние имаме емисари и разговарале како што не треба да се разговара со овие граѓани од овие населени места и не се добива општина. Дури имаше и алтернатива можам да одам и на другиот амандман Стајковци да не биде Синѓелиќ, да биде Стајковци центарот односно општина и овие околни села. Мислам дека на сето тоа аргументот одговара.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас се јавувам само да ги расчистиме поимите . Како што знам населбата Синѓелиќ, неколку години наназад се вика Методија Антонов - Ченто. Дали е сега повторно враќањето на терминот Синѓелиќ заради одлуката на Уставниот суд или е нешто друго не ми е јасно. Кое е вистинското име на таа населба.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во овој случај јас морам да му одговорам на мојот колега Коцевски. Оригиналното, изворното историското име е Хасан Бег. После 60-тите години Синѓелиќ . Ова не е населбата Синѓелиќ ова е село Синѓелиќ што порано беше Хасан Бег.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 111 и за додавање нова точка 111-а поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски,Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

XVI/5.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во една варијанта овој амандман не го прифативме. Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВС&ИК**

И Владата и Парламентот веќе се изјаснија за неприфаќање на овој амандман меѓутоа, ова Излегува надвор од рамките на партијата за рестриктивен однос во поглед на бројот на општините. Ние сепак оценивме дека во овој случај дека навистина се исполнети сите јавно прокламирани критериуми и на вчерашната седница од страна на министерот Поповски во врска со формирањето на новата општина Илинден со населените места Марино, Кадино, Мралино, Бунарцик, Ајватовце, Миладиновци, Буковци, Бршјаци, Бучинци, Теке и Дељадрвце. Сметам дека навистина треба уште еднаш да размислиме , независно од тоа што и од ова како предлог се зголемува бројот на општините, да прифатиме нова општина на подрачјето кое ги има сите критериуми, комуникациски и секакви други да се формира таа општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XVI/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 112 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 112 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски , Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Не баравме ништо повеќе од она што треба да биде. Јас доволно не ја познавам оваа територија, но од она што го добив како барање од овие месни заедници, кој што само бараат да направат промена на седиштето на општината место во Сопиште да биде во Ракотинци, сметам дека е непристојно да се каже дека не треба да биде седиштето во Ракотинци. барањето на населените места кои што се во оваа

општина што се предлага 112 е центарот да биде Ракотинци.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас просторот и населените места ги знам. Станува збор за Сопиште со некаде 5500 жители и за Ракотинци 730 или 780, а треба цела оваа бројка на граѓани да тргне нагоре и на раскрсницата меѓу СДоше и Ракотинци да оди на локацијата на ридот во Ракотинци, Бидејќи ги немаме добиено барањата од граѓаните ние како Влада и како Министерство особено од Сопиште ќе треба да важи, бидејќи тоа е најголемата бројка од таа општина, мислиме дека не е можно таа маса да оди нагоре. Многу е пологично како во инка сите села да се движат кон Сопиште кое што е до Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 116 за додавање нова точка 116-а и на став 2 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, прво да искажам едно големо незадоволство што во

документот по кој денеска расправаме за жал не стои никаде приградска населба Шуто Оризари, која што е урбанизирана, има урбанистички план за која знае Северна Рајна Вествалија, кога бегаа ромите во Германија, па цела Европа, па од цела Европа кога доаѓаат делегации со која разговаравме за сувереноста на Република Македонија. Така да мислам дека и двајцата министри се согласуваат со мене. И порано разговаравме на оваа тема.

Би сакал да кажам нешто за предлогот. Градот Скопје се простира во должина 24 км. и ширина 12 км. и тоа по катастрофалниот земјотрес каде што сите граѓани на тогашна Југославија, па и светот помогнаа да се изгради тоа што се изгради. Така се изгради таа приградска населба Шуто Оризари. Таа има урбанистички план. За жал се што е да речеме изградено таму , од инфраструктура изградено поднаводници се е тоа нездраво и ова барање содржи желба на околу 45 илјади жители, не на 2 илјади, 3 илјади, 5 илјади, 7 илјади, почнувајќи од мостот надвожвакот, па до село Горно Оризари . Има една месност Калајџиев Гроб се вика, но не ја спомнуваме во овој предлог. Јас сметам и Ве молам сите Вас пратениците на овој висок дом да го прифатите предлогот за формирање на општина Горно Оризари, Долно Оризари, Шуто Оризари или како ќе се вика и базирајќи се врз законот за локална самоуправа и со самопрегорот на граѓаните од тој дел на нашиот град и тие граѓани за кратко време ќе ја почуствуваат оваа татковина навистина како своја татковина и многу побрзо ќе биде поголем одот кон образовно - воспитната, социјалната, културната, економската и политичката еманципација на тој дел од населението. Јас верувам дека ќе ме разберете и ќе гласате за предлогот да се формира шеста општина во градот Скопје Шуто Оризари.

XVI/9.-

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас внимателно го слушав пратеникот Фаик Абди и се разбира дека го читав и амандманот и образложението со намерите. Поаѓам од претпоставката дека желбата за создавање на новата општина Оризари во Скопје е со најдобри намери. Дури чувствувам и некакво расположение тука во мојата пратеничка група за прифаќање на овој амандман. Меѓутоа, јас би изнесол едно размислување, можеби пред се упатено до предлагачите на амандманот. Ако во новите 121 или 120 општини направиме една ранг листа на најразвијните 6, сигурно 5 ќе бидат од тие 6 скопските сегашни општини.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ: (**продолжение)

Тоа е ако направиме градација за развиеност на општината по глава на жител

Ако направиме ранг листа на последните 10 од новите 120, вклучувајќи ја и оваа, мислам дека и пратеникот што го предложи амандманот ќе се согласи дека сигурно таа општина ќе се најде во последните 10 по развиеност.

До колку таа општина се појави во рамките на градот Скопје и егзистира од најдобри намери можеме да ја доведеме да се доведе населението понатаму компактно повеќе да заостанува заради тоа што едноставно нема да може со своите финансиски потенцијали да го следи соодветниот инфраструктурен развој што ќе го произведуваат општини во градот, една Кисела вода, една Гази Баба еден Чаир, еден Карпош и еден Центар во кој се концентрирани финансиски административни, индустриски и други центри на македонската економија. Овие пет општини има опасност многу понатаму да отидат отколку што ќе може тоа новоформираната општина да го следи, да го следи инфраструктурниот развој на својата околина, а тоа да придонесе повеќе да заостане заради неможноста да ги финансира соодветните развојни процеси на градот, што ќе ја обезбедува својата територија во целина, меѓутоа и секоја општина посебно. Јас лично сум благонаклонет кон оваа иницијатива и со најдобри намери, и најдобро да фрешам меѓутоа се плашам дали во рамките на најразвиените општински структури во Македонија не создадеме едно гето со една општина која и понатаму повеќе ќе заостанува од колку што досега заостануваше. Свесен дека и до сега во рамките на општината Чаир ова е рак рана на скопското урбано подрачје, овој компактен дел едноставно заостанува во урганиот инфраструктурен развој. Дали тоа ќе обезбеди со финансиските

потенцијали на таа територија адекватно еднаков поголем или помал развој,мислам дека е опасност да се донесе евентуално погрешна одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Абди Бајрам.

**АБДИ БАРЈАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и почитувани пратеници,

До некаде предлагачот е во право, меѓутоа мислам дека би требало и нема да биде толку назадена општина. Сега е уназадена таа со општина Чаир која е сега гето. Јас незнам дали некој од вас бил во населба Шуто Оризари и дали одел на градските гробишта Бутел проаѓате преку Шуто Оризари и знаете многу од вас како изгледа сега Шуто Оризари, до сега. И министерот исто Шундовски ја има посетено населбата Шуто Оризари.

Сега е време на тој народ , на тие граѓани таму да им се помогне, а да не се плашите дека финансиски таа општина ќе биде товар на градот. Од тоа население, од тие граѓани верувајте дека секоја година општината Чаир и ВМРО, сега ќе го кажам отворено ова да се знае во целата јавност, целото ВМРО што постои во Македонија средствата ги вади од општината Чаир. Тоа е само од населбата Шуто Оризари што секоја година од два до три милиони марки што се градат куќи таму, се плаќаат комуналии и други работи.

Затоа би ве замолил сите да го поддржите овој амандман од пратеничката група ПЦЕР:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да спомнувате други политички партии, ве молам. Овде говориме како парламентарци.

**ФАИК АБДИ:**

Господинот кој многу мисли за тоа население таму, мешано население, Роми, Македонци, Албанци малку Турци, Бошњаци, заеднички ја делиме судбината, заеднички живееме од 1963-64-65 година па наваму.

Господа, вие што сте од градо Скопје дозволете,добро е што живеете во други населби каде не газите кал, и ние кај што работиме даноците и придонесите се знае каде одат со Законот е кажано каде тие одат. Градо Скопје нам ни е должен многу, должен е да ни помогне и граѓаните на градот Скопје со своите занимања внесувајќи средства во буџетот на РМ и во Агенцијата за помагање на недоволно развиените, нека не ви биде тешко ако една општина каде живеат и роми и од таму црпат средства заради обезбедување на еден подобар развој, за подобра утрешнина на своите деца, на своите внуци.

Доста беше ова, молчевме 30 и повеќе години. Со оваа територијална поделба со новава општина за 5-6 години таа општина ќе го измени својот лик за 100% и најверојатно ќе ни бидете драги гости кога ќе дојдете таму и вие малку да се прошетате во една убавина во една убава музика и меѓу еден културен свет.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

На почетокот веднаш да кажам дека не излегов на говорница да влијаам за да не се оствари општината туку да се оствари. Да не се создава контраефект.

Го поддржувам предлогот, затоа што ако треба да се формира нова општина треба да се формира токму на тоа подрачје. Од кој причини?

Ако се плашиме од економика, до сега не се плашевме. На секаде направивме такви општини. Зошто овде да се плашиме од економика, или пак само за роми ќе треба да важи тие да не успеваат во тоа. Мислам дека такво немаме. Ако се бориме за рамноправност ако

Македонија е рамноправна држава на сите граѓани, тогаш и овде треба да прифатиме. Не држи воопшто она што г-дин Никола Поповски рече дека се плаши дека ќе остане неразвиена. Зошто не се плаши за друга општина дека ќе остане неразвиена? Или пак само за овде затоа што се во прашаше ромите односно другите.

Такво нешто не треба. Затоа на почетокот реков дека не излегов за да бидам контрапродуктивен. Вие сами одлучите. Јас го поддржувам и ќе гласам за него.

**НАНО РУЖИН:**

Почитван претседателе, дами и господа,

Сметам дека Шуто Оризари треба да стане општина не само од овие аспекти што беа претходно изложени. Господин Ајдерага погрешно го интерпретираше г-динот Никола Поповски. Ќе дојде до еден вид колизија меѓу развиен и неразвиен дел од Скопје. Но, мислам дека другите аргументи се многу побитни. Пред се еден значаен психолошки елемент на таа популација што сака да се сегментира на одреден начин.

Втора работа, како што истакна и министерот во воведното излагање целава територијална поделба не е само поделба на одредени механизми, наметната шема, туку веројатно има и некои цели за еден урамнотежен развој на целата држава, на целата Република, целиот народ за водење на одредено социјална, културно и тн. политика што ќе биде многу полесно да се ефектира до колку постои оваа територијална поделба.

Според тоа, мислам дека и во оваа насока, а тргнувајќи од искуствата што се направени во доменот на социјалната политика токму во оваа општина, сметам дека на многу поефикасен начин ќе се води таа социјална, етничка, културна политика токму и во овој дел на Скопје и во Републиката.

Според тоа, го поддржувам предлогот Шуто Оризари да биде засебна општина.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас исто така излегов да го поддржам амандманот. Јасно ни е дека г-динот министер тешко сега може да ја повлече оваа реченица, многу често кажана тука "не се прифаќа амандманот". Затоа јас мислам, гледам расположение и кај пратениците, дури има предлози некои и акламативно да се прифати.

Мислам дека треба да се гласа. Причините се тука, аргументи има и целта е многу хумана и многу пламенита. Еманципација значи цивилизациска потреба и во овој случај јас мислам дека нема што повеќе да кажам освен да гласаме господа и да биде општина. Мислам дека концептот нема да се расипе. Предлагам, односно инсистирам да се гласа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во секој случај, министерот кажа доста релаксирано дека не го прифаќа амандманот.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, ако ми дозволите исто така би сакал да го искажам сопственото мислење. Се надевам дека е тоа и на целата пратеничка група на СДСМ.

Без разлика што се отвори една симпатична расправа апсолутно нема сомневање ниту глумења кај пратениците од СДСМ, бидејќи ако се тргне од фактот дека СДС е еден од главните творци на Уставот на РМ во 1991 година, ги запиша Ромите во нивната преамбула нема никаква причина да не се оствари и оваа желба на ромите во Македонија.

Давам целосна поддршка на предлогот.

XVII/6

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека го девалвиравме предлогот на Фаик Абди , во нашите настапи. Дури го сметам за многу несериозно, несериозно од аспект на вреднување на самиот предлог.

Предлогот е умесен до толку заради тоа што Фаик Абди и неговата пратеничка група почувствувале дека има потреба да се направи една единица на локалната самоуправа не заради ромите, туку за сите граѓани кои живеат во таа населба со единствена цел, она што беше и главната цел на законот сите неразвиени подрачја да се поспешат да се мотивираат да се доразвијат, да се создаде повеќе од она што го имаме. Во таа смисла не треба да делиме солидарност дека, еве Фаик Абди предложил еден предлог и ние сега по една линија или друга правиме партиска пропаганда. Меѓутоа, потребата е јасна дека сепак таа населба заслужува една своја локална единица во која граѓаните најпедантно и најблиску ќе ги остваруваат своите права.

Во таа смисла заради остварување на одредени права и заради тоа што, јас не се плашам дека се неразвиени, знаете државата преку Уставот и другите позитивни закони ги регулира покрупните права на граѓаните, ги остварува и во таа смисла лично јас, бидејќи не се консултирав со мојата пратеничка група на Социјалистичката партија, јас како член на СП го поддржувам предлогот на Фаик Абди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против (1 пратеник)

Дали има воздржани? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 8 став 1 точка 116 за додавање нова точка 116-а и на став 2 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 117 за додавање нова точка 117-а и на ставот 2 поднесен од пратеникот Љубомир Чадиковски.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 117 и за додавање нова точка 117-а и на став 2 поднесен од пратениците Владо Давитковски и Никола Р. Поповски.

Процедурално бара збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Мислам дека ќе имам право, према редоследот на поднесени амандмани дека мојот амандман е пред овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не знам што е разликата.

Добро, заради техничкото лице ќе прифатиме.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 117 за додавање нова точка 117-а поднесен од пратеникот Владимир Станко

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Му благодарам на господинот претседател што ја прифати мојата забелешка-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 117 и за додавање нова точка 117-а и на став 2 поднесен од пратеникот Владо Давитковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот на г-динот Давитковски и г-динот Никола Р. Поповски не се прифаќа бидејќи Влае е во Горче.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Давитковски.

**ВЛАДО ДАВИТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господа министри,

Во ред е овој амандман што е напишан, првиот, тој се повлекува и има дадено друг амандман со исправка. Меѓутоа, дали имам право сега да дискутирам во врска со прифатениот амандман на Владимир Станковски?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не. Тоа е завршена работа. Кажете во врска со овој амандман.

**ВЛАДО ДАВИТКОВСКИ:**

Ама не е во ред амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас отворив расправа, ве молам, можевте тогаш да кажете

**ВЛАДО ДАВИТКОВСКИ:**

Ама не отворивте г-дине претседателе. Го прифати министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам кажете ги предностите на овој амандман.

**ВЛАДО ДАВИТКОВСКИ:**

Повлечен е првиот амандман сега имаме поднесено нов амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е одбиен затоа што се предлага формирање на нова општина Ѓорче Петров со населените места Влае, Волково и тн. Значи, тој амандман е одбиен. За овој нема соопштение дека е повлечен, туку по овој се гласаше.

Другиот амандман во кој не постои населбата Влае, туку постои Волково, Ново Село, Оризари, Никиштани, Орман, Кучково и Грачани со Горче Петров, што е ваш фактички е прифатен, бидејќи се прифаќа амандманот на Владимир Станковски кој што е потполно идентичен, ист.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Давитковски, дали го повлекувате овој амандман?

(усвоен е)

Не е усвоен, има разлика.

Разликата меѓу овој амандман е во тоа што во амандманот на г-дин Станковски не стои Влае, а во овој амандман стои и Влае.

**ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ:**

Амандманот на Владимир Станковски во член 8 став 1 точка 117 се бришат населените места Горче Петров, не постои. Фактички Горче Петров ќе остане под општина Карпош.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Не е така.

**ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ:**

Прочитајте го ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас прашав дали вие г-дине Давитковски го повлекувате овој амандман или не.

**ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ:**

Не го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака,

1 пратеник гласаше "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 118 поднесен од пратеникот Илија Гоцевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 118 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 118 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Конечно и овој амандман е во ред. Амандманот се прифаќа. Ќојлија излегува на Петровец и тоа се предлага. СЕ прифаќа амандманот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 118 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 118 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски и Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеника гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 119 поднесен од пратениците Назми Маличи и Зоран Шапуриќ.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е прифатен претходно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 119 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 119 поднесен од координаторот на Пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува г-дин Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 120-а и на ставот 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Се повлекува амандманот.

Благодарам.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 8 став 1 точка 91, член 8 став 1 точка 92, член 8 став 1 точка 91, за бришење на точка 94 на член 8 став 1 точка 96 и тие се составен дел на предлогот на текстот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 8 став 2 точка 98 и на член 8 став 1 точка 91 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Драган Георгиев поднесе амандман на член 8 став 1 точка 79 и точка 81, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ферид Мусовски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 25 и точка 32 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 8 став 1 точка 37 и точка 38 по кои Владата не се произнела.

Координаторот на пратеничката група на ПДО Исмет Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 точка 86 и точка 87 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандман на член 8 став 1 точка 91 за бришење на точките 92, 94 и 97; на точка 98 на точка 93 за бришење на точките 99 и 100 за менување на точка 96, за менување на точка 95, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 84 и за менување на точка 90 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владе Давитковски Р. Никола Р. Поповски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 117 за додавање нова точка 117-а и на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Звонко Каров и Панчо Минов поднесоа амандмани на член 8 став 1 точка 37 и точка 69 и на член 8 став 1 точка 37 и точка 38 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нови точки 3-а, 57-а, 61-а, 65-а, 75-а, 101-а и 108-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова точка 40-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 точка 31 и 32, по кои Владата не се произнела.

Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 точка 25, точка 32 и точка 31 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Живко Јанкуловски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 8 и точка 11 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 8 став 1 точка 40 и точка 41 и на член 8 став 1 точки од 40 до 44 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Љубомир Поповски, Јован Србиновски и Љупчо Беличев поднесоа амандман за додавање нов член 10-а и за менување на член 12 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 36 и точка 41 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ферид Мусовски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 22 и на точка 8 став 1 точка 24 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов поднесоа< амандман на член 8 став 1 точка 24 и на член 8 став 1 точка 95 и точка 98 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мерсел Билали поднесе амандман на член 8 став 1 точка 57 и на член 8 став 1 точка 58 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 8 став 1 за менување на точка 96 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 3-а, 57-а, 61-а, 65-а, 75-а, 101-а и 108-а, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ве молам бидејќи сите овие амандмани се поднесени во текот на седницата и ги немаме погледано, ниту обработено, а се огромна маса барам пауза од 30 минути.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 20,00 часот, 30 минути.

(Пауза од 19,55 часот)

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 3-а 57-а, 61-а, 65-а, 75-а, 101-а н 108-а поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа воопшто и сакам да истакнам можеби ексофицио требаше воопшто да влезе во процедура поради тоа што се променети топонимите на местата во Република Македонија.

Второ, се определува поим Преспа кое што е котлина или поим за повеќе населени места, а не е како населено место. Во средниот век постоело град Преспа. Сега не постои. Не постои Прилеп, не постои Охрид, не постои Монастир или Манастир.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва господине министре на мнозинството, она што не постои за вас, постои за мене и за нас, она што не постои за нас нека постои за вас и нека ви е за аир целата оваа шпекулација. Меѓутоа, скоро две години сме заедно и никако да се сфатиме до крај. Зошто? Од Кичево за кои што има некои слични варијанти за амандмани јас се одлучив за една друга работа. И понатаму да ја бранам Македонија и повеќе и поконкретно од вас. Нека мисли кој што сака. Значи, со овој амандман што ми е целта. Не сте го сфатиле господине министре и никако да го сфатите и тежок е овој амандман. Еден конгломерат на тие точки,можеби требаше после за секоја точка амандмани,најмалку 7. А за оваа точка со

8, уште 13 амандмани, тоа се околу 20, меѓутоа да не трае уште неколку ноќи вака ова и да биде што пократко јас се одлучив за овие причини.

Прво, ги брани интересите на сите народи и народности насекаде па и во Македонија. Според мене излезот од овие наши балкански ќор сокаци воопшто, па и во Македонија е да постои некое балансирање некоја рамнотежа во поедини средини и места и на овој начин немој да се чудите нема ништо страшно, нема политички, нема лошо, туку во некои општини посебно каде не се претставени со пратеници во Собранието албанци и од другите национални колективитети на некој начин да видиме, па сакам да ги бранам. Тоа ми е цел искрено да кажам. Значи, ќе крие тоа вака или така, па сега да води борба колку сака затоа што на албански е вака, тоа се вика манастир. Тоа се вика манастир, на албански Хераклеја уште постаро, тоа е друга работа, само дојде предлог и јас тука делував воопшто креативно. Тоа нема што Битола или Битола, тоа за мене е манастир. Јас сакав ново име да предлагам во амандманите вие нема да прифатите. А јас сум сосема во право.

Прво, само конкретен случај со точка 3 да не биде многу вака долг значи на некој начин, а исти се значи, се повторуваат вака како папагалски со жители, не со жители, туку со жители, погрешно е таму печатено и откуцано, со жители албанци припадници на националностите од досегашната општина, оваа општина Манастир, Крушево, Паохар, па Прилепе, па Преспа, Велес, па Комуна Шкупи. Значи, јас знам дека е тешко и ова ќе оди во амандман не одат оние што треба да одат, но да ви докажам дека во иднина ваква Македонија да изгледа од прилика, а ова да е минимум. Тоа не е се. За некои општини за кои што ми е жал и нема кој да ги застапува нивните интереси, затоа што, прво, немаат пратеници. Немаат албанците и од другите националности. Вие знаете каква е структурата во Македонија. Вие сте 65 и нешто македонци, а имате 100 пратеници. Вие имате земено

другите од албанците од турците, од ромите, власите, србите и тн. Значи, ако просто еден ден стручно размена со бројот на жителите многу пратеници од вас извинете, заземале, како еден од Кичево мора да заслужуе место пратеничко. Тоа да ви е јасно, тоа и вие го знаете, но тоа е што е.

Понатаму исто е и за Крушево. Ние знаеме како беше 1903 година, Илинден, па Либертатес, па Илири, па Слобода, ајде да одиме на Илинден, ќе се сложи потполно нашиот комитет од 60 членови по 20 од секоја националност да кажат македонско е во ред да ве почитува малку повеќе, па еве влашката во вториот, па и албанската и тн. Извинете немојте така тоа е ниско, затоа што овој амандман е малку подолг и треба малку да објаснам. Или во Крушево слично, во Охрид, па Прилепе, па Преспа, па Велес па и во Скопје, Шкупи. На албански е Шкупи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е тоа Шкупи, господине Сали Рамадани. Во Уставот стои како се вика.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Оставете ме на мир другар Тито односно господине Петковски. Бидете малку културен, нема смисла. Оставете ме да завршам на тема сум, не сум вон тема како што викаше оној претходниот претседател на вашето мнозинство. Значи слободен сум да кажам овој амандман нема актуелност овој амандман не може да се оствари. Сакам да има иднина па идните генерации правите македонски демократи нека велат Рамадани бил во право, како што вели цела Македонија да знае во секој поглед. Значи, нема. да се прифати, но треба малку да се размислува дека вака би требало, тука не е од цела Македонија, нека во овие средини една минатурална моја претпоставка и барање нешто вака да излезе до средина ако сакаме навистина демократска земја, демократски односи и демократски општини. Тоа е моето, секој ќе го задржи своето.

XIX/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Процедурална интервенција, го молам претседателот за понатаму всушност да не дозволи вреѓање на нашата држава, Република Македонија преку менување на имињата на градовите, преку менување во одредени случаи на името на нашата држава и да не дозволи дискутантите да се оддалечуваат од темата за дискусија. Треба да се има еден ист однос спрема сите пратеници без оглед на тоа дали некои пратеници со тоа што мислиме дека малку поинаку се однесуваат и по-инакви се по карактер, па им се дозволува повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас исто така ги молам сите пратеници да бидат парламентар ни и коректни еден према друг.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Го поддржувам претходниот дискутант и господинот Сали Рамадани, Битола е Битола, а Битола може да биде манастир само кај тебе дома кај Рамадани. Ве молам вакви дискусии повеќе да не се прават на оваа говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Сали Рамадани, реплика.

**АЛИ РАМАДАНИ:**

Прво, нешто со претходниот дискутант. Не да ја вреѓам туку ја бранам Македонија и те како. Република Македонија по Уставот е Република Македонија, меѓутоа на албански е Републике Македонис. Весниците, радио телевизија тоа се знае. И Битола, за тебе е Битола,

за мене е Манастир и така ќе биде со векови. Немојте така. Не ве вреѓам, ова е многу ниско непознавање на научните принципи и тн. Ти држи своето, ова е мое и ништо повеќе. А ако најдеш заеднички јазик, добро би било, но тешко уште, после сто години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам, да крене рака? Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 8 и точка 11, поднесен од пратеникот Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Мене навистина ме изненади овој пат министерот со ова село што не го прифати. Јас претходно мислев дека е направена некоја грешка, бидејќи селото Чарлија треба да помине преку селото Радобор кое веќе е во општина Могила за да значи преку територија од општина во друга општина за да дојде во општина Добрушево. Второ, за да стигне до општина Добрушево треба да изоди 7 километри, а до општина Могила 2 километри. Моментално ученици, здравствена услуга, ПТТ се користат во општина Могила. Не знам и несватливо е ова зошто не се прифати. Претходно беше кажувано дека вакви случаи се решаваат  по грешка. Ве

молам ова да го прифатиме затоа што мислам дека е направена грешка.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ние од граѓаните на Горно и Долно Чарлија досега немавме никакви реакции за тоа дека немале пат или дека биле подалеку од општинскиот центар Добрушево.

Второ, во барањето на Добрушево писмено и во делегацијата го опфаќа Горно и Долно Чарлија, со укажување дека има пат кон Добрушево и дека припаѓа. Лично јас таму немам одено, но беше кажано дека има пат и према Добрушево, но има и во други правци, бидејќи патот не тргнува од едно населено место па завршува во друго, туку ги поминува нив. Тоа беше единствената причина и сега ве молам да бидам сватен, ставен во положба да верувам на пратеникот, а притоа немам никакви реакции ниту од граѓаните, ниту спротивни мислења од барателот на општината. Напросто и заради тоа не можам да го прифатам.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, драги пратеници, го поддржувам амандманот на пратеникот Живко. Навистина ако се земе место положба на Чарлија Горно и Долно, кое што Чарлија е некаде околу 4 до 5 домаќинства, а Долно Чарлија некаде 234 жители. Ова село и досега сето гравитирање му е кон идната општина Могила. Оддалеченоста кажа и пратеникот е само два километри. И која оддалеченост е поврзана директно со асфалтен пат. А додека Чарлија од Добрушево е оддалечено некаде 7 до 8 километри и треба да се поминат 3-4 села по сосем друг пат за да можат да стигнат до Добрушево. Сите други комуникации што ги има во смисла на амбуланта, осмолетка, учениците

XIX/7

одат во Могила. Сметам дека голема грешка ќе се стори ако ова село оди кон Добрушево. Мислам дека сите околности кои што се исполнети треба да се прифатат Чарлија како Горно така и Долно да се припои во општината Могила.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

33 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

За збор се јави господин Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници бидејќи навистина ова село нема каде да оди на друго место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, дали се сомневате во гласањето.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Има карта, немаме реакции од граѓаните, немаме други информации од Центарот. На картата од Чарлија до Добрушево Горно и Долно отсечките со километри ќе ви ги кажам според картата. Тогаш значи и картата не е точна. Осум километри од Долно Чарлија до Могила, одејќи према Радобор и до Могила. Радобор, Могила, отсечката е 5 километри според картата и 3 километри тоа се 8 километри од Чарлија до Добрушево 3 и 4 километри тоа се 7 километри, гроно 6 километри, тоа е картата.

Ве молам поддршка бара господинот Јанкуловски за поединечно изјаснување на десет пратеници.

Дали има поддршка?

Значи нема поддршка од десет пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 22 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Ниту еден не гласаше.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XX/1.-JM/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 24, поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 24, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 25, точка 32 и точка 31, поднесен од координаторот на Пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Изгледа не ќе имам никаква среќа досега барем тоа го немав, па и сега така се случува. Овде станува збор за општината Дебар повторно.

XX/2.-

Ја искастривме, ја направивме каква што не треба, а сега ако не се усвои овој амандман значи дека ја кастриме и понатаму. За што станува збор? Станува збор за задржување на она што од секогаш било дебарско, од секогаш Гари, Осој, Могорче од секогаш биле во Дебар. Никогаш не биле во друга општина. Ако има такви докази дека биле во друга општина, јас немам ништо против нека си бидат и натаму, но доаѓа уште нешто во прашање, а тоа е следното. Доаѓа во прашање прекршување на критериумите кои што ги прокламира во основните начела, односно начелата во образложението во Законот за територијална поделба. И овде очигледно, очигледно, очигледно, ќе повторам три пати дека се прекршуваат и не се придржуваат. Затоа мислам дека овој амандман барем од вас колеги ако не ме послушавте досега никогаш, барем послушајте ме, оставете ја ваква како што предлагам општината Дебар. И ве молам гласајте. Министерот ако вие гласате и тој ќе се сложи, но можеби вака сега е под притисок, па нема да прифати.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Повторно станува збор за Могорче, за Гари, за Осој и за Лазарополе и одново станува збор за селата кои што до едно искажаа желба да одат во општината Ростуше и кои што излегувајќи на Бошков мост припаѓаат на таа целина. Излегов само да го искористам поводот затоа што заборавив минатиот пат да кажам дека воопшто не е точна констатацијата дека Дебар специјално се намалил до таа мерка по својот простор што е единствен случај и на таа основа се засниваше претпоставка дека е намерно кон Дебар. Градовите Гостивар, градот Струмица, градот Кочани и други градови имаа многу поголема територија од територијата на Дебар како сегашни општини. Овие градови имаат помала територија сега како новопредложени општини од територијата на Дебар. На пример, Гостивар да гоземеме, земете го и

Струмица ве молам најдете ми податок. Гостивар има 7,5 км$^2$, Дебар има 12,1 км2. Сега за Струмица ќе земеме и ќе видиме дека нема поголема територија од Дебар. Напросто се создаваат градски општини со одреден број на населени места. Дебар има повеќе селски населени места приклучено отколку што има Струмица, односно отколку што има Гостивар, отколку што има евентуално и Кочани.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ќе морам да прочитам во законот кои населени места ги има Дебар како што е предложено во законот. Вели Дебар со населените места Баниште, Долно Косоврасти, Горно Косоврасти, Кривци, Отишани, Рајчица, Џепиште, Коњари и тн. По број на населени места навистина е доста голем. Меѓутоа во следните населени места нема жив човек. Тоа се Власиќи, ниту жива душа а наброено е и може да служи за пример дека има доста населени места. Трнаник не жива душа да нема, нема ни куќа, а наброено е. Нека биде, на број нека биде за да има оправдување министерот. Кривци има две души. Јас се согласувам, меѓутоа не е точно тоа, тоа е само по попис, фактички не е така. Бомово нема ниедна жива душа. Повелете јас ќе ги сносам трошоците да видиме дали ќе најдеме жива душа. Наброено е. Џепиште, Отишани, стојат селата, а се доста напредни села, Селокуќи има три куќи. Долно Косоврасти, Горно Косоврасти точно е, дајте кажете ми колку жители има Бомово. Јас реков следните се брз жители и се само наброени. Кажете факти. Вакви податоци неможат да се дадат за тоа што не стојат, треба факти. Затоа ако имате факти за овие работи повелете направете уште три општини од Дебар, можеби повеќе ќе се развиеме и така сме неразвиени во сегашни услови во најнеразвиените па сега нека бидат уште тие можеби поразвиени. Ако има такво оправдување молам нека биде тоа оправдување. Така мислат, така нека биде. Ќе правиме неразвиени општини, ќе правиме. Некој ќе сноси одговорност, ќе сноси. А што се

однесува до изјаснувањето, изјаснувањето е само формално и поднесено да кажам условно од тие кои што цињаат да бидат нешто во тие општини. Изјаснување за Могорче во ниеден случај не може да биде прифатено само од петина луѓе. Затоа како што не може да биде прифатено и од она што јас кажувам дека не сакаат. Тоа е лесна работа, месната заедница во село Могорче одлучи да се распише референдум. Нека се распише референдум, нека се изјаснат, може на Марс ќе сакаат да одат, па нека си одат, тоа е нивно право. Тоа е еден критериум исто дека и во Законот за локална самоуправа вели дека преку изјаснување. Преку изјаснување, не преку референдум. Знам како пишува дека се оценува или референдум, или изјаснување преку собири. Дајте покажете преку собири на колку собири е тоа речено дека тие сакаат да одат во Скудриње. Досега не станувааше збор тие да одат во Скудриње, не станувааше збор а сега министерот бидејќи зборувам за тоа, министерот му рекол на пратеникот поднеси амандман ќе одат во Скудриње. На пратеникот Ферид Мусовски, тој ми потврди дека вие сте му рекле да поднесе амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кој е тој Ферид Мусовски?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ферид Мусовски? Јас не знам ако не го знаете, не мора да го знаете. Тој ми рече во бифето сега за време на паузата дека тој не поднел амандман по свое, туку министерот му рекол: поднеси бидејќи луѓето биле кај мене, сакаат да одат во Ростуше.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Две корекции да дадам бидејќи погрешно ме разбра колегата министер околу територијата на општините. Тој ми ја даде територијата

на градот само, а не на општината Дебар. Ќе споредиме само територии на две општини на Дебар и на Струмица. Се знае колкава е територијата на Струмица, а колкава е на Дебар сега. Струмица е сега по новиот предлог со 69,3 км$^2$, Дебар по новиот предлог е со 84,6 км$^2$, не со 12 бидејќи само градската населба е распространа на 12 км$^2$ што значи Струмица е пооштетена по таа линија ако се резонира отколку Дебар со оглед на сегашната територија повеќекратно, што значи дека два пати ни е појака тенденцијата ако е негативна кон Дебар, кон Струмица. Нема ниту на едно место ниту на друго место таква тенденција. Граѓаните на Могорче беа кај мене и по- бараа Могорче да биде кон Ростуше. Документи ако сакате од сите села почнувајќи од овие спорните Лазарополе, Гари, Осој, Могорче, писмени ќе ви ги доставиме.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Спомна дека има писма. Може да има, тоа се поединци. И второ, кога се спомна Осој исто тројца луѓе има во Осој. И тие си го имаат печатот можат да поднесат и ваму и таму, ќе си играат, не може да им се оспори правото, тоа е нивно право. Немам ништо против, меѓутоа Могорче е вака како што реков. Повелете на референдум барање имате, докажете дека немате барање. Можете да кажете дека немате барање од Могорче да се изјаснат на референдум? Уште пред да се предложи да се даде Предлог-законот имавте. Тоа не го изнесовте. Бидете парламентарен, бидете демократ, па кажете дека имате и такво барање. И тоа стои. Стои и ова што велите бидејќи јас немам против доказ. Но овој доказ го имам дека Могорче има побарано да се изјасни на референдум. Тоа е точно. Што се однесува до ова за Струмица, јас не можам да тврдам струмичани можеби така сакале. Тоа е нивно право. Ајде сега јас да им се мешам таму. Не можам да им се мешам, ниту ме

овластиле тие јас да зборувам за Струмица да биде помала или поголема. Можеби така сакале. Ова се што го кажувам ова се сите барања и ставови на Собранието, на одборниците, на населените места. Знае министерот убаво колку барања имаше од населените места да не се одвои Жупа. Знам убаво, ги има и тие докази. Тие не ги набројува. Тоа е негово право. Меѓутоа вистината е вака, Дебар останува многу мал, нека биде и помал, меѓутоа некои користи од таа работа сигурно нема да има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 25, 32, поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман практично бара Могорче да биде во Ростуше. Таков амандман веќе е усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува амандманот.

Господинот Ајдарага има процедурална забелешка.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас навистина се извинувам. Јас не сум во ред, или министерот не е во ред? Јас не се сеќавам кога се усвои таков амандман. Па ве молам,

еве јас ќе ја сносам вината, дајте ми доказ дека е усвоен таков амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи за Могорче кој што ги повлекува сите села веќе разговараме два часа и по повод 5, 6 амандмани. Можно е да е моја грешка да се забуни. Се прифаќа амандманот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас мислам дека процедурално имам право да констатирам дека амандман не е усвоен и барам тоа да се констатира од страна на претседателот, досега пред ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас констатирав дека амандманот е повлечен. Меѓутоа по објаснување на министерот, министерот го прифати амандманот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас побарав процедурално да ми се даде доказ бидејќи министерот изјави дека е усвоен порано амандманот. Дали може да се констатира дека порано не е усвоен. Ова сакам да го расчистам. Значи се констатира дека порано не е усвоен амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не. Не реков не е усвоен, јас тоа не сум рекол. Јас само констатирав дека пратеникот го повлече амандманот, а по објаснувањето повторно министерот го прифати.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас побарав, министерот овде господине претседателе изјави дека по однос на Могорче е усвоен порано амандман. Јас побарав доказ. Молам дали постои таков доказ?

XX/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот се извини и рече дека погрешил, дека таков амандман не е усвоен и затоа го прифати амандманот на господинот Мусовски.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Значи не е усвоен амандман порано. Таква е констатацијата на Собранието. Тоа сакав да утврдам, да се види дали правилно работи Собранието или не. Мислам дека тоа правилно треба да се утврди бидејќи погрешно беше утврдено дека е усвоен. Добро, значи такви грешки може се дозволени. Нека бидат дозволени, може ќе бидат уште некои други. Сега значи министерот го усвојува амандманот и точно испаѓа она што пред малку реков дека е натеран пратеникот Ферид Мусовски да поднесе амандман затоа што министерот му рекол дека тоа така е. Истовремено господинот Мусовски во бифето ми рече дека тој немал контакт со граѓаните од село Могорче никако бидејќи јас инсистирав да го повлече амандманот и дека такво нешто на тоа нешто го наговорил министерот. А министерот пред малку рече дека Ферид Мусовски не знам кој е. Добро, можеби така треба да се игра играта.

XXI/1.- JJ/ЉР

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**: (продолжение)

Што се однесува до Могорче....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Ајдарага, ова не е процедурално, ве молам. Тоа го разјаснивме. Ова веќе е материјална дискусија дали треба или не треба.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ако е така јас прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 31 и 32 поднесен од пратеникот од Сали Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова значи дека не сум локалистички расположен, па ме интересира било кое подрачје на некој начин ако нема друга можност, не знам што има предложено во другите амандмани од колегите досега, затоа моето мислење е дека го познавам добро и треба исклучиво навистина можат да им служат за пример на сите во Македонија и надвор од Македонија. Меѓутоа, да ми биде единствено Кичево и колку сакаат Кичевчаните, сакаат и Дебарчаните не е ли доста тоа еден дел од народот што сака да е заедно сега ние повторно кај овие две општини да правиме две или три општини. Затоа мислам дека го делам мислењето на дебарчаните на моите стари пријатели кои многу убаво ги познавам, Дебар да остане единствена општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака,

9 пратеници гласаа за,

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 36 и точка 41 поднесен од пратеникот Наке Стојановски

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 35 и 38 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Ниеден пратеник не гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 37 и 38 поднесен од пратениците Звонко Каров и Панчо Минов.

Молам кој бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XXI/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор

Се јавува г-дин Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван г-дине претседателе и колеги пратеници со Предлогот за новата територијална поделба на РМ со Предлогот на закон на Владата постојната општина Кавадарци се дели на 3 општини со населените места Општина Кавадарци, општина Росоман и Конопиште. Од сите населени места кои припаѓаа досега на постојната општина Кавадарци се најдоа свое место во новоформираните општини. освен населеното место с. Галиште кое е ставено во новата општина Витолиште.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 37 и 29 поднесен од пратениците Звонко Каров и Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вака предложен амандманот не се прифаќа. Може да се прифати само Галиште во Кавадарци, иако мора да се оди преку езеро. Во Конопиште не може, има карпи а во Витолиште има пешачка патека и патна макадам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот предлагам да го прочитаме внимателно заедно, "членот 8 став 1 во точка 37 по зборот "Бришани" се додава зборот "Галиште". Во точката 69 зборовите "Муџаково и Галиште" се заменуваат со зборовите "И Буџаково", што значи останува само Галиште во општина Кавадарци.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме ваквиот амандман, изгелда претходно местото не се разбравме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 30 и 31 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Има збор претставникот на Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Има збор г-дин Сали Рамадани

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И на крајот некако дојдовме до најосетливата точка Некои работи сакам накратко само да ги прецизирам. Д а прочитам само дел од Записникот од 40-та седница на страница 13 каде стои "... потоа Собранието усвои Предлог заклучок - Владата на РМ да подготви и на Собранието да му достави текст при што ќе ги земе предвид мислењата поднесени од пратеникот Сали Рамадани итн". Тоа го кажав и вчера за

обврската на Владата кон Парламентот на и за мене тоа е понижувачко што сум тука ставен. Тоа како прво. Како второ, да не баратаме по сите овие амандмани, туку да се договориме за една работа , според мое мислење имам впечаток и она што беше преку Телевизија неколкупати изнесено од министерот за правда и денеска тука нешто открив за Кичево дека неовластени луѓе шпекулирале со не знам какви печати, што од една страна јас имам видено со печати и потписи кои ги знам а има можеби уште нешто што знам и кој се бори за градоначалник во Кичево. Меѓутоа, мислам вака, оваа работа е многу сериозна, кичевчаните заедно албанците и македонците се за една општина па сигурно може да се направи истото. Ќе има и помали општини. Ќе видиме законот како ќе се спроведува. Меѓутоа, тоа што е мое сознание денеска и вчера мислам дека една црвена линија во Кичево постои. И да знаете ако случајно не може една општина, тогаш нека се определи според моето и зашто мислам дека тие се трговци и има едно почитување спрема кичевчаните и од нив према мене посебно према мене и тоа не само за атер, туку тоа е навистина а има и други реакции и со другите и сметам вака може да има или 3 општини или 5, а никако 2 или 4. Зашто тоа не му одговара на Кичево. Во расправата во првата и втората фаза јас ова го кажав, аргументите потписите и реагирањата со протести а ова ќе биде и до други органи и меѓународни организации доставено, зашто Кичевчаните се нешто друго и другите во Македонија тоа го знаат. Не сакам да претам, туку мислам во Кичево 5 општини. Затоа ако може и ако се сака да имаме разбирање во Кичево нека се определи по мојот прв предлог на една општина на 2 или 4, а 3 и 5 никако.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 40 до точка 44 поднесен од пратеникот Сали Рамадани. Има збор претставникот на Владата

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали; некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање кова точка 40-а поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Има збор претставникот на Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара зор.

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не знам колку пати денеска кажа министерот дека амандманот не се прифаќа.

XXI/7.-

Само една реченица ќе кажам. Не сакам за ништо да се противам, но сакам да кажам за последиците од евентуалното конституирање на 5 општини во Кичево, моите избирачи, мојата партија не сносиме никаква одговорност, ни материјална одговорност. Законот во Кичево нема да се спроведува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин министерот на Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека треба да се слушне каков амандман не се прифаќа. Не се прифаќа амандман во кои се предлага општина северо источно од Кичево, југозападно од Кичево и југосточно од Кичево.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Па тоа е она, што сум многу алтруистички расположен па сакам да ве извлечам некако од овој ќор-сокак. Значи нашите луѓе сакаат подрачјето да го поделат заедно. Затоа ако не може единствена општина Кичево, ако не може со било кое име Крчова или Кичево две општини, крајна можност за да се овозможи некако и на некој начин да ги реализирате тие ваши претензии кои што немаат за нас кичевчаните никаква важност и релевантност, тоа е само изрека за вас, тоа не е сериозно. Што не е сериозно за вас, за нас е сериозно, а што е за вас другото, првото е за нас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

5 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 57 поднесен од пратеникот Мерсим Биљали.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јавува г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Што знам, можеби е најдобро излезе пред да се изјасни министерот, а сега и што да кажам тешко е да биде убедливо.

Прво, во принцип не требаше воопшто Кичево да се подели на мали 3 општини и да се споредуваат со примерот да речеме на Берово, Пехчево, Кратово, Виница Крушево е мала општина, ќе останеше како целина, туризам и таа индустрија што ја има. Во овој случај сега мора да се интервенира, а тоа што е најлошо да се интервенира тука може да се поради тоа што е можно. Да се интервенира во тоа што да речеме Житоше сега се предвидува како нова општина. Ако веќе формираме нова општина односно нова локална самоуправа, тогаш со овие две мали населени места Житоше, а малку мислам во близина на Житоше има уште неколку села како што се Белушино, Јакреново, Саждево, Борино, Селце, Бирино, Алданци, Нарово, што би добиле една општина визави општина Крушево и со население и со компактност комуникации. Сега тука се сретнуваме со некои нелогични работи. Да речеме од Саждево да се дојде во Крушево треба да се минат 3 0 и нешто

километри. Некој ќе каже од некој разговори што ги обавував така, треба да се преку планина да се помине. Што ако има планина. Ние треба да видиме дали има пат, така што преку планина, па преку општина Житоше, се оди надоле и се оди до Крушево. Тоа е една слика,што е веродостојна и ги покажуваа работите сосема така.

Ако понатака се инсистира, јас морам да ви кажам, морам да признам и да бидам искрен до крај а во разговори со министерот што ги имав, тешко е да убедуваш, затоа што ако зборуваш за Алданци или за друго место, па има индустриска зона. Дајте, ве молам сега на некои работи крајно реално да гледаме. Сега Крушево е со туризам, Крушево со Алданци индустируа и туризам, што останува за Житоше и другите села околу него. Па што земјоделие. Ако е земјоделие, дајте пак овие други села што се околу Житоше да бидат општина Житоше. Така што, уште малку, не ќе можам да бидам искрен до крај, имав претставници од сите овие села кај мене дојдено, ги примив разговарав со нив, и навистина од тие податоци од таа нивна скица регионална, веројатно, нивна е, се виде дека наместо 3 км. пат до Житоше, не во Житоше, туку во Крушево со пат над 30 км. Тоа никако не оди. Е, пак сега ќе речеме тие се од другата страна на планината а овие на оваа страна на планината. Али, километри се километри и не можеме да се бавиме со релјеф во овој случај кога е многу поблиск.у Јас не знам оти не знам во овој случај треба да се прифати, со тоа што ако добиеме две општини, барем и со население и другите фактори да бидат приближно исти.

XXII/1.-РД/ОМ

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Мислам ако добро се сеќавате тоа е истиот амандман кој што г-динот министер не го прифати, а Вие не го изгласавте. Имено, со овој амандман сега од друг пратеник се предлага да се земат уште 8 села оти онака навистина малата општина Крушево имено да се земат селата Албанци, Новово, Белушино, Екремово, Саждево,Борино, Селце и Бирино да се приклучат кон општина Житоше. Мислам тоа е сосема неиздржливо и во спротивност со основните критериуми и начела на кој треба да се основа овој закон и како да се цели на некој начин да се создадат етничко чисти или национално чисти општини, иако Крушево од секогаш било повеќе национална општина, имало македонци, албаници и власи и секогаш сме живееле одлично. Еве од кој причини не е прифатлив амандманот. Со него фактички градот Крушево ќе се гетоизира, ќе остане само какао едно гратче на ридот отцепено без никаква врска без ниедно село, бидејќи фактички знаете веќе во општина Демир Хисар се приклучија две села. Овие населени места, посебно населените места Албанци и Норово се директно во подножјето на патот каде се почнува да се качува во Крушево. Точно е дека се во индустриската зона и тука поминува;;патот Крушево - Прилеп и тие никако не може да се одделат од овој локалитет. Тогаш би требало да се поминуваат две општини Житоше и Кривогаштани и да се дојде до Прилеп. Мислам истото се однесува и за овие други села и јас Ви гарантирам дека ние никогаш не сме имале проблеми со ниедно од овие села иако тука живеат претежно албанци. Отсекогаш сме соработувале добро и сме егзистирале. Јас колку што сум запознат ниедно од овие

села посебно Албанцн, Норово, Селце и т.н. да не ги набројувам не изразиле желба да одат во новата општина или да ја напуштат општина Крушево. Само еден пример да Ви наведам, бидејќи тука се спомнува и Бирино. Бирино тоа е катастарски локалитет, тоа е фактички историскиот локалитет Мечкин Камен и шумата што е околу него и е скроз преку патот што се оди од Крушево према Прилеп и треба да се поминат селата Врбоец, Светомикрани и да се дојде до Бирино. Мислам и од тоа може да се види предлогот е неиздржлив. Затоа ги молам пратениците да не се парчосува и понатаму општина Крушево, како што е пракса, нема во Крушево којзнае колку села или којзнае колкава територија. И не само заради нејзината историја и ова што го кажав да си останат овие села во општина Крушево. Не е точно дека тие села треба да одат 30 км. Албанци и Норово се преку планината. Во таа индустриска зона сега е изграден тој пат од Норово , пак тие села не 30 км., немаат ни 10 км. да дојдат до Крушево.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 58 поднесен од пратеникот Мерсел Биљали.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XXII/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 79 и точка 81 поднесен од пратеникот Драган Георгиев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 84 и за менување на точка 90 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Во 1971 година извадена е скица на овој дел на оваа катастарска општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не е процедурално.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Во присуство на две комисии и од едната и од другата населба, разграничување меѓу нив нема и мислам атрибутот катастарска општина треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за амандманот да се прифати, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 95 и точка 98 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сакам да Ве известам дека пратениците од пратеничката група на Социјалистичката партија останувaат во целост на аргументацијата која Мирко Трипуновски ја изнесе од оваа говорница во врска со друг амандман со идентична содржина. Меѓутоа, заради тоа што се гласаше и прегласуваше еднаш

беше прифатен, потоа не прифатен со дополнителни објаснувања, овој амандман ние го повлекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 86 и точка 87 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 91 за бришење на точката 92,94,97 на точката 98, 93,99 и 100 за менуваа* на точка 96 за менување на точка 95 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 96 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Напоменувам дека со овој амандман пратеникот Хисен Рамадани го повлече амандманот на истиот член под број 083036/156. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам,да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 117 за додавање нова точка 117-а и на став 2 поднесен од пратениците Владо Давитковски и Никола Р. Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 10-а поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Љубомир Поповски, Јован Србинов и Љупчо Беличев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се повлекува првиот став другото се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12 понесен од пратениците Александар Гештаковски, Љубомир Поповски, Јован Србиновски и Љупчо Беличев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров, Славко Котевски, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 8 и за додавање нова точка 8-а по кој Владата не се произнела.

Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани поднесе амандмани на член 8 став 1, точка 25 и точка 31, член 8 став 1 точка 84 за додавање нова точка 84-а и на член 8 став 1 точка 98 и точка 91 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љубосав Иванов,Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов, поднесоа амандман на член 8 став 1 точка 111 за додавање на точка 111-а и на точка 118 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славко Котевски поднесе амандман на член 8 став 1 точка 8 и точка 11 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 8 став 1 за бришење на точка 25 и на точка 31 по  кој Владата не се произнела.

XXII/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 8 за додавање нова точка 8-а поднесен од пратениците Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Итно ме викнаа надвор за една семејна проблематика, не бев тука и слушнав дека амандманот не бил прифатен. Јас ги имам предвид околностите кој што се додатни што министерот ги имал предвид кога кажал дека не го прифаќа амандманот што го предложив, меѓутоа, јас сум сега во голема дилема. Ние на луѓето им кажавме јавно дека сме се договориле. Сега излегува дека овде правиме некој договор надвор од тоа на луѓето што сме им го дале на знаење. Јас молам за ова и молам министерот да размислува , Ве известувам повторно дека се договорив со претседателот на ПДП, го известив и г-динот Љупчо Поповски координаторот на СДСМ дека молам, бидејќи со оваа додавка станува прегломазна општината за рурални услови над 35 или 40 илјади но сигурно над 35 илјади жители . Молам да прифати министерот амандманот што ќе дојде веднаш со кои< оваа општина се предлага да се дели на две. Еден центар во Камењане другиот во Боговино. Претставуваат две целини г-дине министре од една страна Камењане со Урвич , Оловјање, Палчиште, Долно Палчиште и Седларце и од друга страна Пирок, Боговино, Раковец, Селце, Ново Село и Жеровјане. Ви гарантирам дека двете целини претставуваат со околу 20 илјади жители и токму да Ви кажам дека ништо не оптоварува, затоа што во двете средини веќе постојат месни канцеларии кај што има веќе по 5-6 вработени таму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Рамадани, тоа можеме веројатно да го коригираме само со нов амандман, бидејќи гласавме.

XXII/9.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе, по амандманот на член 8 став 1 точка 8 и за додавање нова точка 8-а поднесен од пратениците Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров и Славко Котевски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, Ивањевци е селско стопански центар во сега веќе бившата Битолска општина за 10-тина битолски села и уште толку села што гравитираат кон оваа општина. За десетина битолски села и уште толку села што гравитираат кон оваа општина што припаѓаат на прилепскиот дел на Пелагонија.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (продолжение)

Во Ивањевци делуваат текстилна фабрика, мислам единствено во државата таква фабрика, пресметковна единица на Земјоделската задруга "Коопeранти" од Битола, откупна станица на Битолски "Југо-тутун" за тутун, пошта, здравна амбуланта, осумгодишно училиште, сервис за поправка на земјоделската механизација и патничките коли, повеќе колонијални продавници и се друго што треба на Ивањевци и околните села за обезбедување еден пристоен живот во оваа средина.

Инаку, Ивањевци и околните села до сега беа слепо црево на битолска општина и кон овој реон како и реоните на Бач и Мариово не се водеше соодветна грижа ниту од општината Битола, ниту од државата. Тоа доведе овој реон да се испусти. Овде скоро и да не постоја домаќинство кое нема по два-три печалбари во Австралија, Америка и кои не други печалбарски земји.

Господа, ако стариот систем дозволи овој реон да се пусти, дајте сега, кога се гради нов систем да не дозволуваме да се повторуваат старите грешки. Жителите на Ивањевци и околните села надежта за подобра иднина ја гледаат во своја општина. Преку неа се надеваат да обезбедат позабрзан развој на своето подрачје. Мислам дека со формирањето на уште една општина во Ивањевци, државата нема да пропадне.

Господа пратеници, ова подрачје произведува над илјада тони квалитетен тутун годишно, а што значи тутунот за нашата држава до сега не треба да се зборува. Од ова подрачје преку тутунот половина век, господа, добро се полнеше државниот буџет. Значи, ако некој сега се плаши од нов трошок за општина не е во право. Ивањевци и околните села на државата доста даде и таа сега е ред да врати нешто на ова подрачје преку формирање една општина.

И нешто друго, битолската општина е најголема општина по територија во нашава држава. Со овој закон битолската општина добива само општини. Скопје, како општина е два пати по територија од битолската општина, а Скопје добива 15 општини. Каде е правдата господа пратеници. Или, е Скопје, Скопје и понатаму треба да биде Скопје. Скопје не е Македонија.

Барам да не поддржите во барањето и Ивањевци да добие општина.

**ТИТИО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Веќе се извинувам што можеби станавме досадни со ова станување сегашно, меѓутоа навистина сакам да укажам на потребата од формиран>е на нова општина Ибањевци. Не сакам да се повторувам, само уште еднаш ќе ве замолам да не поддржите во оваа инцијатива, бидејќи цело време, слушнавте, министерот укажуваше дека неоправдано е некој да оди 25 км. за да направи некоја услуга, а овде баш таков е случајот. И, само ќе кажам тоа што претходно во првиот амамдман го предложи

министерот да се избере една општина помеѓу Могила и Ивањевци. Тоа е нелогично, бидејќи ако се избере да боде седиштето во Ивањевци, истото ќе се случува со Могила да се враќаат до Ивањевци 25 км.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Веќе се навикнавме да донесуваме закони некаде на полноќ и вака ако се продолжи понатаму со амандмани, посебно од оние кои во овој

момент најмалку треба да ги поднесуваат. На пример и од Имет Рамадани и од Хисен Рамадани, незнам кои уште амандмани, ќе продолжиме до 24.00 часот.

Излегов да кажам нешто друго. Кога на почетокот на седницата по амандманската расправа беше предложено формирање нова општина излегов и реков дека го поддржувам формирањето на оваа општина и веднаш после тоа бев обвинет за демагогија.

Сега, навистина себеси си го поставувам прашањето и онака сите знаат дека не зависи од пратениците на ЈПП дали ќе има општина во Ивањевци или нема да има, тоа од нас не зависи, но и понатаму ја поддржувам оваа иницијатива, но сега прашувам дали не е демагогија од оние кои ме критикуваа дека јас ширам демагогија и понатаму да се предлага нешто за кое сигурно се знае дека нема да се добие, затоа што во кругот каде е тоа договарано нема да го добијат.

Би завршил со тоа дека некои оценки што некои колеги пред време ги донесуваат кога се однесува за друг дека не би требало да се изречуваат од оваа говорница. Уште еднаш кажувам дека ќе го поддржам формирањето на оваа општина, не од демагошки причини, туку од просто практични причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 8 и точка 11 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (41 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за бришење на точка 25 и точка 31 поднесен од пратеникот Газменд Ајдерага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Не знам дали успеавте да го прочитате амандманот. Зборувам за оние што не успеале, ќе кажам што сакав да постигнам.

При предлогот за донесување на закон за територијална поделба во мојата дискусија што ја имав по тој повод кажав што кажуваше еден мој покоен првоборец. "За да знаеш која територија, односно за да стекнеш сознание кон кое место припаѓаш, на која територија, тоа не е многу тешко. Лесно е, исфрли го коњот на пат, врзи му ги очите и каде ќе оди, таму припаѓа".

XXIII/5

Денеска, не на коњите туку и на колите ако им ги врзеш очите од подрачјето на новоформираната општина, новопредложената оти сеуште не е изгласан законот, на Ростуше, сите гравитираат таму. Гравитира Радика, тече Радика и тие гравитираат во Дебар. Ова што се прави е вештачки.

За да се отстрани оваа неправда предложив амандман што министерот не го прифати а и вие не морате да го прифатите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Мусовски.

**ФЕРИТ МУСОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници и министри, Во врска со предлогот на овој член, амандманот, можам да кажам дека територијалната поделба на Македонија е правена онака како што е правена. Голема дрскост е да се каже во овие прилики Ростуше да припадне да Дебар и да се прави споредба ваков или таков кон> каде ќе оди. Можно е секаде да оди.

Ростуше постои како општина, постоело уште од 6.11.1945 година уште во склоп на Скопскиот округ како околија Ростуше, потоа околија во Срез Галички , но историјата да не ја враќаме понатаму. Единствено како образложение можам да кажам дека во Дебар се што било наше, стручниот дел , во Дебарската околија, каква била таа околија историјата не ја знам, биле стручни кадри од Ростуше.

Повеќе не треба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Пред се чест и част секому кој е стручен кадар и кои имале заслуги. Немам ништо против. Им честитам. Ги поддржувам од сите места од каде се. Немам ништо против нив.

Меѓутоа, ова што беше изнесено овде не е вистина, затоа што секогаш Ростуше било под Дебар. Нека се бори г-динот Мусовски колку сака, сега ги има конците во раце, ќе успее тоа да го направи меѓутоа и натаму Ростушани ќе одат на пазар во Дебар. Нема да одат во Ростуше на пазар затоа што нема во Ростуше пазар. Кому ќе се продаде? На тројца луѓе?! Тоа е вистината

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Филиповски

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседатле, почитувани пратеници, Мислам дека е навистина цинизам јас употребувам веројатно и несоодветен термин да после барањето едно село Могорче се внесе во општината Дебар и, откако тоа не беше изгласано сега во знак на некаков револт се побара целокупната новоформирана општина или општина која е содржана во законот да биде во Дебар. Мислам дека во образложението на амандманот, се приклучува кон оние кои навистина сметаат дека има навистина невистини, невистини дека целокупната територија од секогаш припаѓала на Дебар.

Посебно, само со неколку реченици, бидејќи таа општина го има и с. Галичник во кое сум роден и од кое потекнувам, село кое на почетокот наведов имало некаде 5000 жители, 800 куќи и над 200 илјади овци и навистина е цинизам сега да се кажува дека со ти« сликовити, неколкупати кажувања на пратеникот Ајдерага дека коњот што ќе се врзе ќе тргне кон Дебар. Јас ве уверувам дека во тој регион и многу одамна и кога имало многу коњи, за жал сега ги има многу малку, коњот ќе му ги врзеле очите ќе заминел кон Галичник.

Останувам на тоа свое мислење не од некој егоизам или некаков локал-патриотизам, туку заради тоа што го спомна Мусовски во својата дискусија. Ако малку подоцна се вратиме кога Ростуше било општина а

уште нешто понапред кога Галичник бил и околија и во која многу од овие места припаѓале на околијата.

Затоа го поддржувам решението содржано сега во основниот закон, а не поддржувам амандман кој е не само израз на некаков бес заради тоа што Могорче пред се не помина да отиде во општина Дебар, сега да се предложи цела една општина да се приклучи на општината Дебар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Не ја познавам историјата. Можеби е така. Можеби Дебар бил под Галичник. Не знам. Дека Галичник бил под Дебар, тоа знам. Меѓутоа, ако бил, па бил. Галичник било големо село. Јас знам, сум слушал дека некаде 1945 година кога е извршена национализација на имотите на граѓаните од Галичник, таму дали 12, дали 20 илјади овци се одземени не знам. Како стопански крај знам.

Е сега, дали Дебар треба да биде општина или Ростуше или Галичник тоа беше право на г-динот потпретседател нека предложеше амандман јас ќе го изгласав . Тој сега сака да потпадне под Ростуше што никогаш не потпаѓал. Нека биде тоа негова работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 25 и точка 31 поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 84 за додавање нова точка 84-а поднесен од координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

ој е за молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член8 став 1 точка 98 и точка 91 поднесен од Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани.

Т"о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Бидејќи преска со амандман е прифатено Сараќино да оди во Тетово, јас мислам дека требаше наспроти Сараќино, нема река, ги дели пат, тоа е спроти Сараќино и пожелно е да се прифати да оди во Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дами и господа, амандманот бара населбата Требош која сега е сместена да биде во новосоздадената општина Жељино да биде во општина Тетово.

Сакав да укажам бидејќи не е внесено образложението, аргументите, да истакнам дека Требош е едно симпатично село далеку 4-5 км од Тетово, поврзано со асфалтен пат преку магистралниот пат Скопје – Тетово. Има околу 2 илјади и 100 жители што не менува нешто во националната структура или стопанско - развојна на подрачјето на општина Тетово. Симпатични беа и селата Џепчиште, Пороj и Џермо другите околу, Отоње кое доби своја општина, како што беа симпатични и Нераште и Одри кои не успеаја да влезат во општината во која тие бараа и сакаа. Но, ценам дека во амандманите што ги поднесов, можеби не беа аргументите тврди, дебели па од тие причини се залагам, барам населбата Требош да биде составен дел на општина Тетово каде и досега беше како интегрален дел на Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 точка 111 за додавање нова точка 111-а и на точка 118 поднесен од пратениците Љубисав Иванов., Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски и Мирко Лазаревски, Јован Лазаров, Бранко Арсовски и Мирко Пецов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Туше Гошев поднесе исправка на амандманот број 08-3036/103 од 11 септември 1996 година поднесен на член 8 став 1 точка 74 и точка 82 на предлогот на Законот за територијална поделба на РМ, определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Во ставот 1 на амандманот зборовите: "точка 74"се заменува со зборовите: со "точка 78". Тоа е во врска со интервенцијата на г-динот Чапов.

Дали претставникот на Владата се согласува со исправката

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес.

Молам, имаме уште два амандмани, дали се согласувате да го прочитам текстот на амандманите или да почекаме да се поделат.

(Прочитајте ги).

Отворам претрес по амандманот на г-динот Хисен Рамадани. Во член 8, точка 96 се менува и гласи:

"Камењане со населените места Урвич, Јеловјане, Симичане, Долно Палчиште, Горно Палчиште, Новаки и Горно Седларце".

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на г-динот Хисен Рамадани.

Во член 8 став 1 во новата точка 96 се додава нова точка 96-а која гласи:

"Боговиње со населените места Пирок, РАдковец, Ново Село, Селце, Кеч и Жеровјане".

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Ване Наумовски во член 8 став 1 точка 36 се бришат населените места:

"Прострање, Мало и Големо Црско и Цер".

Во точка 41 општина Другово се додава населеното место Прострање.

Во точка 57 општина Крушево се додаваат населените места Големо и Мало Црско и Цер.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас го немам тој амандман написмено, меѓутоа Цер и Мало и Големо Црско во Крушево не може воопшто. Не се прифаќа амандманот.

(Претседателот му го дава написмено амандманот)

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, вечерва присуствуваме на една режина претстава која како компромис ќе штети

на Македонија и македонскиот народ. Вечерва е направена првата работа околу малата федерализација на РМ. Не знам она што се повикуваше министерот како концепт кој го бранеше овие три или 5 денови, на која алудираше 63, 70, 80 општини, 104, 111, 120,123, не знам колку сега се, нема одбрана. Тешко дека министерот може да го брани ова. Многу тешко бидејќи ја убедуваше јавноста дека концептот е она главното и остануваат 12 0 општини.

Ако знаеме дека министерот ќе го паметиме по носење на законот за локална самоуправа сега ќе го паметиме министерот по носење на законот делба на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам г-дин Данев, јас се извинувам што ве прекинувам, не е ова општ претрес. Само по текстот на законот, Имаме право да кажете.....

**СЛОБДАН ДАНЕВСКИ:**

Ви г-дине претседателе дадовте збор, непочитувтње ни Деловник ни.......

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве сега сакам стриктно да го почитувам. Ве молам, ако имате забелешки на текстот на предлогот на законот повелете.

(Дофрлување на некој пратеник од место)

Ве молам, немојте од место да дофрлувате. Ако имате забелешки на текстот на законот, повелате, ако не

XXIV/5

**СЛОБДАН ДАНЕВСКИ:**

Забелешката е тоа што направен е компромис на штета на Македонија....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете го тој компромис, тоа имавте можност да го кажете во општиот претрес.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И јас се извинувам но само со една реченица. На сите овие фрази почнаа на почетокот на седницата. Се дови образложен одговор во мојата дискусија. Таа е опширна, аналитичка и ако е некој добронамерен, може да ја прочита, ова нема никаква врска со законот ниту со здравиот разум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не знам дали се работи за разум, ќе кажат генерациите, Македонија е продадена, г-дине министре.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

68 пратеник гласаа "за".

Дали има некој против?

5 пратеници гласаа "против".

Дали некој се воздржува од гласаше?

3 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за територијалната поделба на РМ и определувањето на подрачните единици на локалната самоуправа.

Останува да се договориме дали да продолжиме со законот аз град Скопје, или утре да продолжиме.

Прво да прашам, бидејќи имаше многу амандмани, дали претставникот на Владата се согласува и е во состојба.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не е можно да се продолжи, има многу амандмани, ќе треба да се средат, а во исто време со оглед на усвоениот предлог за општина Горче Петров, Шуто Оризари и Илинден, ќе треба да се преуредат и границите или делот во законот што ги регулира границите. Замолуваме ако е можно утре од 11,00 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 23,00 часот)